СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД I-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 54-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 13 јануари 1993 г.**


1. АЛИУ ЕШТРЕФ - 57
2. АБДИ ФАИК - 66
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 81, 83, 90, 91
4. АРСОВ ДРАГИ - 110
5. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 69
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 93
7. ДИМОВ ТОДОР - 75, 77
8. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 117
9. МАНИВ ЕФТИМ - 52
10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 54
11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 63
12. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 58
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 86
14. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 62
15. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 68
16. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН -79
17. ФАЗЛИУ АГИМ - 86
18. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 116
19. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 95, 107, 109


- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на 54-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 13 јануари 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да дојдат 10 салата да си седнат на местата и да утврдиме точен број на пратениците.

Бевме замолени да почекаме малку заради тоа што дел од пратениците од поедини пратенички групи разговараат со господинот Мазовјетцки, специјален пратеник на Советот за безбедност за човечки права. Но, ве молам да прифатиме да почнеме сега да работиме оти има луѓе кои сакаат вечерва да бидат порано дома заради семејни празници и да не мораме да ги присилуваме да седат овде, па ако можеме нешто да завршиме денеска со работа. Тоа го бараат денеска.

Ве молам, имаме 65 присутни пратеници и можеме да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Панче Насев и Киро Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со општиот претрес.

За збор се јави господинот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, по однос на предложениот закон за задолжување на Република Македонија во странство, како што е даден, сметам дека нема потреба од донесување на таков закон. Затоа што самата форма и содржина на законот не укажува дека се донесува закон, туку зборува за едни облигациони односи, за еден договор помеѓу Република Македонија и господинот Џорџ Сорос.

Најпрвин во овој закон е укажано дека Република Македонија прифаќа кредит од 25 милиони долари кој го нуди господинот Џорџ Сорос со одредени каматни услови кои имаат слободен курс на движење на каматата во текот на неговата исплата. Другите основи во договорот односно од законот кој го регулира тоа, се регулира со договор. За да се задолжи Република Македонија во овој временски период кога знаеме дека е прилично задолжена, најпрвин Република Македонија со закон прифати долгови од 1 милијарда и 200 милиони долари на граѓаните на Република Македонија. Исто така Република Македонија има прифатено кредитни обврски кои досега не се исплатени веројатно уште толку колку ги должи на граѓаните. Сите сме свесни во овој временски период сите зборуваме дека на Македонија и е неопходен странски кредит за да може да тргне од мртва точка, но од овој закон кој се предлага, јас не гледам основи каде тие средства ќе се пласираат. Веројатно со овие средства сакаме да покриеме некои долгови или нешто друго. Во образложението на законот стои дека дел од тие средства ќе се употребат за набавка на нафта, а дел од истите за други намени. Ако се за таа цел, зошто Република Македонија не воспостави односи меѓу претпријатијата дали

МАКПЕТРОЛ или други регистрирани претпријатија како приватните кои се бават со набавка на нафта тие да го склучат тој договор меѓу господинот Џорџ Сорос, Републиката или Народната банка да биде гарант.

Запознаен сум дека средствата што ги пласира господинот Сорос можат да не се повратат во текот на годината и истите да продолжат и понатаму, а да се отплаќа само каматата. Сметам дека резервите на Република Македонија не ќе бидат доволни затоа што немаме никаква конструкција за овој кредит, од каде ќе ги вратиме тие средства. Затоа, доколку прифатиме да се носи таков закон, сметам дека не треба да биде од итен карактер, истиот треба да оди во две фази и сите искажувања на пратениците Владата да ги има предвид и уште еднаш да се поразмисли дали треба да биде закон или договор. Ако треба да носиме закон, треба да се донесе еден генерален закон како Република Македонија ќе ги дава гаранциите на сите заинтересирани претпријатија кога ќе склучуваат договор за странски кредити. Ако во иднина се појават уште пет, десет, дваесет такви странски лица или банки, ако за сите носиме закони, веројатно овој Парламент ќе треба да носи само закони за задолжување со кредити.

Ми се чини дека е нешто друго пропуштено, пропустот се состои во тоа што Владата до сега не понуди закон за платниот промет и закон за пазар на пари. Доколку се донесе таков закон, верувам дека во Република Македонија има повеќе од 25 милиони долари или било кој девизи ако ги откупува овластена банка со пропозиција граѓаните да имаат интерес да ги продадат, платниот промет да се врши исклучиво во денари, ми се чини дека ваков кредит можеби нема да биде потребен.

Република Македонија треба да води сметка претпријатијата кои ќе бараат кредит дали ќе бидат инсолвентни, дали тој кредит ќе можат да го вратат, а вака ми се чини дека Република Македонија не стопанисува како држава да склучи договор, туку стопанисуваат претпријатијата.

Кога се работи на тоа кредитот да служи за набавка на нафта ми се чини дека стои и друг проблем кој треба Владата и те како брзо да го разреши. Неопходно е да се понуди на странски компании кои се баваат со трговија и продажба на нафта да им се овозможи на нашето тло тие да продаваат нафта, па дури до колку и МАПЌЕТРОЛ нема можности да се понуди на рафинеријата тие да стопанисуваат и веројатно во обратна насока ќе имаме поголема размена на стока и стока која ќе се изнесува надвор од нашата држава.

Инаку, само со задолжување со стран кредит кој ќе го употребиме за набавка на нафта, јас незнам од каде ќе се најдат средства да се врати. Ми се чини само ќе остане тој долг кој ќе ни го зголеми и така големиот дефицит на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор, се јави господинот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Пред нас имаме еден закон за кој имаме различни мислења, а и предлози, но истовремено пред нас имаме и едно писмено обраќање од господинот што го нуди овој заем и овие пари.

Сакам, пред се, да изразам задоволство и да ја подржам иницијативата на господинот Џорџ Сорос кој во рамките на Фондацијата отворено општество што се определи на нашата Република во ова време да ни нуди економска помош со цел на поттикнување на натамошниот стабилен развој на Републиката на економски и политички план.

Самото име отворено општество укажува дека се почитува една реалност дека нашата Република е отворено општество. Ова помош во вид на заем, а свесни сме дека е мала за наши услови, за наши потреби, тоа може да е капка вода во морето, но сепак е значајна за нашите прилики во кои сега преживуваме. Оваа помош претставува само една инекција на стопанството, а ќе беше и подобро господинот Сорос да ни овозможеше една цела доза инекции со која навистина може да заздрави нашето стопанство и да се санираат одредени економски состојби и тешкотии со кои се среќаваме денеска. Но, сепак, за почеток овој гест на добра волја на овој доброчинител е за поздравување и оттука прифаќањето на овој заем треба да биде на општо задоволство. Да се надеваме дека овој има лесна и среќна нога и неговиот пример ќе го следат и други финансиски субјекти и институции.

Писменото обраќање на господинот Сорос до Собранието е негова работа и таа претставува една реална филозофија на односите кои ги имаме во Републиката филозофија на отворено општество и на рамноправни односи.

Јас гласам за законот и го поддржувам овој заем токму од сфаќањето што го има господинот Сорос за односите во Република Македонија и тоа дека овде заради повеќенационалниот состав на населението се развива мултикултура.

Второ, таа мултикултура има потреба да се развива, негува и унапредува.

Трето, дека сите граѓани и националности треба да се еднакви во правата и обврските.

Четврто, дека во Република Македонија треба да се води поразумна политика, реална, со исклучување на екстремните дејанија.

Петто, дека рамноправноста е битна димензија и детерминанта на соживотот.

Шесто дека треба да водиме сметка за сопствената историја и историјата на соседите која на некој начин предизвикува провокација и

Седмо, да се чува мирот како најбитна задача во сегашниот момент.

До душа. Не треба да правиме оценка за личноста на господинот Сорос кој го нуди заемот, туку да расправаме за прашањето на законот и тоа:

Прво, дали овој заем претставува потреба или товар за Република Македонија. Евидентно е дека мислењата се подвоени иако овој заем истовремено претставува голема потреба, но и товар кој сметаме дека со заеднички сили ќе можеме да го сносиме и да го вратиме.

Второ, дали во овој момент со овој заем решаваме одредени итни проблеми за што сметам дека истовремено имам позитивен одговор.

Трето, дали можеме да осмислиме живеење без вакви финансиски инекции кои се минимални во овој момент.

Разгледувањето на овие прашања со посебен акцент на отворените прашања и утврдување на насоките за нивно решавање е наша задача и не се сомневам дека Владата на Република Македонија

овие работи ги конкретизира се разбира по своја димензија и разновидност на потребите кои се моментално нужни и развиени во нашата Република.

Оттука сметам дека е оправдано целосно да се поддржи законот со тоа што во законот да дадеме можност истиот да ги конкретизира каде овие средства и на кој начин ќе се употребат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, за мене лично од поодамна не постојат дилеми дека Република Македонија не може да опстои без странска финансиска помош. Ако е така, тогаш апсолутно не е битна позицијата од која на оваа говорница дискутираат пратениците т.е. позицијата на прифаќање на понудената помош или позиција на одбивање на таа помош бидејќи и со едната и со другата се соочуваме со фактот дека нам ни е насушно потребна помош од странство.

Втора работа која двете позиции ги обврзува е фактот дека и едната и другата со сила на аргументите, а тоа е конкретната ситуација што не поврзува е критериумите под кои се добива кредитот. Ако Владата на Република Македонија излегува пред нас со документ со кој ни дава на знаење дека критериумите со кои се нуди кредитот се поволни за Република Македонија, тогаш тоа треба бездруго да се прифати. Можат да бидат во право сите пратеници кои се определуваат да не се прифати кредитот, но тука треба да се исполни еден мал услов. Да нудат визија каков ќе биде излезот без странска финансиска помош. Многу е лесно да се рече "не" и многу е лесно да се рече "да", но тоа што не разликува е и одговорноста што следи зад тоа.

Сето друго што тука го дискутираме и губиме време апсолутно не е важно ниту е битно за точката која е на дневен ред. Најмалку е дискутабилно или битно писменото обраќање на господинот Сорос до Собранието на Република Македонија. Ако случајно цениме дека тоа писмо треба да предизвика интерес и треба да биде предмет на расправа, тогаш никому не му е ускратено правото да предложи и тоа писмо да биде во една од точките за расправа што се таа има и што се таа нема, со што се согласуваме и со што не се согласуваме.

Да заклучам, пред нас е конкретен закон. Сите се согласивме да биде уврстен на дневниот ред. Значи се согласивме дека тој закон треба да се донесе по итна постапка и нема воопшто потреба понатаму да ги отегнуваме работите во овој правец и моја молба е дајте да разговараме со сила на аргументите заправо предмет на наша преокупација и грижа да бидат критериумите под кои се нуди
кредитот. Ако се поволни треба да се прифатат, а во случај некој да не убеди дека тоа се неповолни или штетни за Република Македонија да се согласиме и тоа да не го прифатиме.

Јас имам доверба во стручноста, професионалноста и одговорноста на предлагачот и затоа сум да се прифати да се донесе законот и овој кредит и да работиме понатаму и Владата и сите други одговорни субјекти да се најдат други финансиски можности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прв пат ми се укажува прилика да се разговара за некоја идеја, поддршка, во конкретниот случај закон за финансиска поддршка. Нејасно ми е како преку овој закон практично

отстапуваме и од основните концепции како правна држава и во Уставот вградивме и дефиниравме дека секое граѓанско лице и внатре и од надвор под одредени услови и околности со пропишани прописи и закони ќе има подеднакви права, погодности и привилегии за уважување во оваа држава се во интерес да се создадат што порано не предуслови туку услови за натамошен развој во функција за подобрување на севкупната материјална и економска состојба, а пред се и развојот на стопанството.

Веројатно, довербата е високо изградена во однос на сите финансиски институции се покажал и овој интерес да се даде прилика и шанса некој да ни понуди средства. Очигледно тоа предизвикува одредени резерви во мислењата. Меѓутоа, таквите резерви јас ги сфаќам некој да ги изнесе, а не врз основа на некое кажување и видување преку одредени членови кои го материјализираат односот на законот. Мене лично ако ме прашате нема комерцијален кредит, некој и вчера ги побрка работите, без некоја меѓународна институција и осигурување да ти обезбеди кредит. Банкарите тоа добро го знаат. И најповолната позиција во разговорите што се нудат со западните земји дека има интерес да испорача опрема веќе не е под 15%.

II/1.- ДВ/МЛ

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа, решение што овде е заговорено, јас гледам дела тоа е дури стандардна работа. Едино се зголемува за 1%, што е вообичаено, некаде за 2, а некаде за 3%. Постојат трошови за финансирање и тоа е нормално.

Дали треба да постои некој закон? Очигледно дека треба.

Условите за прифаќање мора да имаат одредена основа, а основна гаранција при конкретниот случај практично е Парламентот. Ако ние создадеме услови преку овој закон, во конкретниот договор се прецизираат сите погодности, меѓутоа мора да се респектира и партнерот под кои услови и погодности ги отстапува средствата на користење, а намената на средствата е ствар на договор, што во конкретниот случај. Ако мислиме дека имаме доволно девизи зошто тогаш го покренуваме прашањето ние воопшто да се задолжуваме како држава Ако може тоа навистина да е така, јас не го гледам, било кој од стопанствениците овде да прашате, и банките како се врши платниот промет во делот на меѓународните институции и обврските што ги има ме од порано итн. Или дали немаме поквалитетни договори од овие услови досега што се потпишани договори и кои постојат и функционираат во поранешниот период. Кај многу земји постојат одредени позиции на поверение и авторитет и во конкретниот случај јас го оценувам договорот и по однос на условите, иако договорот не сум го прочитал, но елементите што се наведени во законот, претпоставувам се тие, финесите веројатно ќе се издефинираат.

Дали има потреба за задолжување? Тука имам безрезервно мислење и мислам тука немаме аргумент да кажеме дека нема. Не би сакал во интерес на времето да ги појаснувам состојбите кои во многу наврати се кажани.

II/2.-

Дали ќе претставува товар. Ако 25 милиони долари се товар, јас не сум направил брза математика, но мислам за четворогодишниот период овој Парламент само преку функцијата на дејствувањето на седниците веројатно ќе ги потроши. Паушално ја кажувам бројката, меѓутоа очигледно би било и повеќе.

Дали ги решаваме проблемите со овој кредит? Не. Ако знаеме дека нето девизниот ефект како нужна и неопходна потреба за Македонија е 250, а јас длабоко сум убеден дека е 650 до 750 милиони долари. Сето тоа треба да бидат практично девизни средства, како народот обично кажува нето чисти, за да можеме ние со нашите идеи и со нашите сознанија, многубројни иницијативи и програми да ги донесеме.

Дали треба во овој момент да се донесе генерален закон за генерално задолжување? Па ние до тоа воопшто не сме дојдени. Некои овде што настојуваат да не разубедат дека треба со генерален закон во оваа фаза без решавање на проблемот на трансформацијата на концесиите итн., фискалниот систем, ние нема да бидеме во можност ниеден документ да донесеме и таков документ нема да биде основа некој воопшто да го користи во преговарачките односи, било за каков вид на кредит да се работи, дали е тоа комерционален па сме погрешиле, дали каматата е ваква. Да заклучам.

Дали има потреба за задолжување, одговорот по мое мислење е потврден, значи да. Дали има товар за Република Македонија, во овој момент тврдам дека не. Дали ги решава проблемите со ова, не. Само создава предуслови да се отвори процесот на поверение што може да биде предзнак, еве една нишка кај одредени институции, пред се зборувам за фирми со кои соработува македонското стопанство да внесат нишка на поверение нада за да може еве да не се бараат разно разни осигурања од некои меѓународни институции, да се створи проток на тој капитал.

Четврто, мислам дека е неопходно едино ваков закон за конкретниов случај, ние веројатно ќе имаме и други прилики се додека не ги донесеме и другите решенија да треба да се донесе.

Петто, мислам дека не треба воопшто да биде предмет на разговор кои се условите на договор овде пред Парламентот. Условите на договорот ги определува Владата и оној што ги дава средствата. Секој од нас во животот потпишувал по некој договор и бил овластуван итн., но врз основа на некоја претходна основа. Заклучното мислење ми е, ако добро се прочита и образложението, мислам, ако е кратко и доста терминолошки и стручно и многу децидно ја појаснува состојбата, а ние премногу време и труд вложивме за тоа дали треба да го поддржиме овој закон или не.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас уште на почетокот би кажал дека го поддржувам овој закон, дури би имал смелост да кажам дека и тие што вчера рекоа не, денес би требало да кажат да затоа што со меѓусебното убедување и кога малку повеќе ќе размислиме мораме да заклучиме дека ни е потребен еден таков закон и финансиска помош од надвор.

Од одредени дискусии што ги слушнав кај мене се поставуваат некои други прашања. Не е проблемот дека ние не сакаме странски кредит, меѓутоа во сето ова се поставува и друг проблем а тоа е какви се и нашите, за жал и во вакви случаеви политички убедувања.

Од писмото што го прочитав испратено од господинот Џорџ Сорос јас за себе заклучив, кога би имал можност господинот да држи говор на ова Собрание, јас, еве најискрено би му аплаудирал затоа што добро е во вакви времиња да се најде човек кој со едно писмо со такво образложение малку ни нуди и памет и пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дневен ред не е писмото, на дневен ред е законот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Законот треба да се прифати затоа што ние имаме потреба од финансиска помош. Во писмото, јас морам да го спомнам писмото затоа што писмото е доставено до нас. И во писмото затоа што ние кога пред јавноста настапуваме тука дури и писмото го толкуваме како што сакаме ние. Кога би се прочитало тоа писмо во целост пред ова Собрание и пред јавноста и таа јавност и некои тука дури не би имале смелост да кажат не, не сме за таква финансиска помош. Такви сугестии ни се потребни затоа што такви сугестии ние имаме дури и од наши луѓе, и од нашата Академија. Од МАНУ имаме такви сугестии. Јас мислам, да не се почитува дури еден екстрат на умот на оваа Македонија и да не се консултира и да кажеме за одредени работи не без многу размислување и консултирање, мислам дека не е во ред. Затоа мислам дека треба да се поддржи законот а тоа што е професионално, тоа ќе го направат други луѓе затоа што ние како пратеници не сме во состој ба и професионалност во тоа што е професионално, како се репродуцира тој кредит итн. понатаму.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници. Јас нема да навлегувам многу во законитоста и стручната работа на овој закон, туку ме предизвика ова на дискусија зошто се чекаше минута до 12. Беше закажана 53-та седница и ние сме подготвени за неа, сега наеднаш станува друго, веднаш 54-та седница се предлага а ние не подготвени за дискусија, не објаснет материјалот, не стручно објаснет. Затоа ние баравме да се одложи оваа седница за два дена.

Поминаа и тие два дена а ако ни се дадеше два дена ќе се консултирав- ме со стручни служби и можеби поарно од вас ќе го прифатевме ако тука ја гледаме вистината и излезот, а не 12 часот ноќе, мижејќи да се доставуваат вакви работи. Сметам дека најголемата грешка, владите ги прават таквите доѕирувања, проѕирувања, улизгувања, подмитувања на парламентите. Зошто Парламентот да расправа за ова, за странско финансирање. Ние веќе имаме за тоа донесено уредби и закони. Кој сака да вложува може да даде и кредити и се. Зошто вака сега.

Јас се прашувам и за една друга работа. Колкава девизна резерва остави експертската Влада, а колкава е сега девизната резерва. Според тоа, сметам, зошто Парламентот да гарантира, зошто Влада- та, ако тоа се, како што е речено во образложението за набавка на нафта и за други работи. Кои се тие други работи? Под други работи се подразбираат многу работи. Во такви сериозни договори меѓу финансиери од странство се набележуваат, ќе земеме толку милиони долари, ќе се употребат толку за ова, толку за ова, толку за ова. Зошто се вели само за нафта, ако е тоа само за нафта не треба да биде гарант ни Владата ни Парламентот. Нека повели Макпетрол нека си склучи до- говор и ако ја заглави, тој да ја заглави, а не утре да ја заглави Парламентот или Владата. Да ја префрлиме топката како што велат кај нас децата ги јадат сливите а на старите им трпнат забите.

Покрај тоа што не е предмет писмото, но повеќе дискутанти го наметнаа, би рекол два-три збора околу тоа. Јас не сум ни политичар, не сум ни бизнисмен, но моето размислување е вакво: Таков голем бизнисмен, тој нема ниеден минут според мене да му определи време на политиката, да политизира, бидејќи алчноста за пари, да се умножи капиталот, ниеден, не само тој не знаат што е политика и да се занимаваат со неа. Кај нив само постои алчност за пари. Затоа тие

бираат парламент и влада и оставаат тоа да го брка владата а тие го бркаат бизнисот во државата. Затоа не му се дозволи на него да говори пред овој Парламент. Ние го чекавме тука да говори. Зошто не му се овозможи да говори? Ова е пак намештаљка, убава намештаљка. Дај да го видиме оригиналот на писмото. Мене ми личи тоа превод на наши мислења и наш стил на пишување. Од наши луѓе ова е направено. Барам тој да збореше тука а не да си оди па после да праќа писма. Што мајка бараше тој да зема кола и тајно да оди во Грција па да речат оттаму еве зборевме за Македонија, а еве Грците заради тоа што зборевме за Македонија ме вратија. Што мајка бараше во Грција, еве ја Холандијаваму. Тој таму требаше да си оди. Но, такви намешаљки на нас ни се доста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е друг човек. Не е истиот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Овој кредит, јас се согласувам дека ни треба многу, но овој кредит што сега ние треба да го користиме, ваков таков, тој е користен изгледа, земени се пари, а сега ние жешките костени ги вадиме од мангалот. Кај имаше тој време да политизира и тоа бизнисмен, каде што сака да го вложи својот капитал, да го умножи тој и да ја уценува една држава, политички каква е таа, како е нејзиното устројство, дали било во ред знамето донесено, грбот каков ќе го до- несе итн. Тој ако така води полемика во сите држави никаде не може да пласира таков капитал. Него не треба да го интересира, ако беше тоа од гледна точка на помагање на Македонија, да и помогне и да го пласира својот капитал. Овде мириса на нешто друго, мириса на сосема политичка работа затоа што вели не ви чини знамето, како ќе го донесете грбот. Што е тој. Не е ни на држава.

Поединка на нас ќе ни сугерира. Тоа не го прави ни една држава, ни една влада, еве идат влади тука. Која држава јавно се изјаснила против нашите партии, против државното уредување наше. Не е сосема чиста оваа работа. Ако овој кредит го дава со уцена за знамето и грбот, тогаш еве ние за ова знаме пративме еден наш курбан. Сега јас се прашувам кој ќе оди курбан сега пак за овој кредит, што треба да се смени и грбот, кој сега ќе. биде друг курбан. Ако така беше за со знамето, ние многу евтино се продаваме, за 25 милиони долари. Грција ако го сменевме името ќе дадеше 3 милијарди неповратен кредит.

**ФАИК АБДИ:**

разгледаме еден многу важен документ. Верувајте ми јас не се надевав дека ќе стане ни најмалку полемика околу тоа дали треба или не треба и дали воопшто ќе се расправаме во овој висок дом на носење на закони. Во овој момент мора да се знае следното, според мене.

Ја знам дека голем дел од вас исто така, не и мислат лошо на оваа држава и овој народ, но вакви искажувања од оваа говорница пред овој наш народ македонски овде, пред граѓаните на Република Македонија мислам дека прави штета. Ние самите на себе си си штетиме,

Ако малку ја знаеме економијата на Македонија, господа пратеници, ако знаеме дека немаме капитал, дека сме должни, дека ни треба свеж капитал, ако знаеме дека ни треба цврста валута од било кого да е дојдена помош, треба да му пружиме рака и да му кажеме големо фала.

Не навлегувајќи во писмото на Сорос се што таму напишал, не давајќи никаква оценка, јас мислам  дека тоа е голема храброст од негова страна што одлучил да пласира средства овде во Република Македонија кога никој од никаде ништо не дава.

III/1 ПЈ/ОМ

**ФАИК АБДИ**: (Продолжение)

Што ќе правиме после кога ќе бидеме редовни членки на Меѓународниот монетарен фонд, па после тоа пред Светската банка за обнова и развој и Европската банка за обнова и развој. Дали и тогаш вака ќе се расправаме и ќе се исплашиме, или пак се плашиме од нешто друго. Туку, внатре во потсвеста ние овде мислиме дека тие пари некој ќе ги дигне, некој ги излапа, ќе ги украде или пак не ќе можевме тие пари да, ги оплодиме  само ќе спиеме како што спиеме. Ако мислиме да спиеме и да ги земеме тие пари, сигурно нема да ги вратиме, односно ќе потпаднеме под некој си удар на некој закон меѓународен итн. Овие средства треба да се искористат и што побргу да се стават во движење, да се оплодат. Револвинг кредит е а тоа подразбира многу голема и многу убава работа за нас, за Македонија за ова македонско поднебје. Не би се сложил од оваа говорница да се кажат такви зборови, кои ни малку се, опростете на зборот,се разбира од финансии од тековно работење, од инвестиции итн. Ова е мала инвестиција тоа не е многу пари 25 милиони долари. Во овој момент тие ни се многу потребни и тие треба да оплодат повеќе средства , а не да ги уништиме. Час и чест на оние кои што мислат дека спиевме, ќе спиеме и ќе санариме и ќе бидеме во длабок зимски сон. Ако така ја тераме оваа држава, ние не сме држава. Мислам дека се обрукавме пред народот и граѓаните на Македонија со вакви дискусии, кажувајќи дека не ни се потребни средства од надвор, па макар да се од некој господин. За ова вчера стана збор и со господинот претставник на Обединетите нации, кој што дошол да испитува состојба на националностите и на оваа линија малку поразговаравме. тој веќе има чуено како да не сакаме средства и сите се чудат. Ова денес е чудо што ние расправаме толку за оваа работа.

III/2

Ова треба да се прифати што побргу и да се ефектуира, да се реализира и тие средства да се стават во движење, да носат други средства и да се оплодат парите. И навреме да ги вратиме. Ако револвинг кредит секоја тримесечна транша да се исплати и да се користи пак како кредит, тоа е голема работа. Ние немаме штета од тоа. Сега камата, кој е тој што дава средства неповратни односно дава средства без камата, тоа денес нема, интересот е во прашање. Мислам дека човекот има голема душа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас уште во почетокот сакам да го поздравам господинот Џорџ Сорос за неговата хуманост и солидарност за нашите економски проблеми. Овие средства односно кредит од 25 милиони долари јас ги сфаќам како помош која ќе ги ублажи нашите економски проблеми.

Прво, треба да ни биде на сите јасно дека за такви средства имаме потреба. Меѓутоа, од начинот како се водат дискусиите добивам впечаток дека таквите сили сакаат да ја видат Македонија падната на колена. меѓутоа, нема да се случи тоа, а за крај , не за крај,туку должен сум да прочитам од писмото од господинот Сорос само една реченица ако ми дозволи потпретседателот. Тоа е така наречен преместувачки заем кој треба да и овозможи на Македонија се додека не биде во можност да добива финансии од Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Ред е ние да одлучиме, дали ни требаат такви средства односно помош. Инаку, народот вели со сила може само да му се земе некому нешто, меѓутоа да му се даде тој ќе го фрли. како што се одвиваат дискусиите ние не сакаме да примиме помош.

III/3

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, очигледно дека овој предлог на закон за донесување односно за задолжување на Македонија со еден нов кредит предизвика доста реакции и без сомнение мислам дека се овие позитивни самите реакции, затоа што ја изразува критичката свест кон еден ваков економски чекор. Сигурно чекорот како чекор е доста сериозен и треба да му се пријде од неколку аспекти.

Што се однесува на самиот кредит како кредит јас можам да кажам дека тој во едни нормални светски економии не е никаков посебен кредит , не е некакво преголемо задолжување и тоа е една нормална работа која ја користи секоја држава. Меѓутоа морам да ги кажам моите коментари и моите забелешки на самиот закон и на сето она што е сврзано со овој закон од едноставна причина што сметам дека навистина има потреба од една ваква дискусија.

Првата работа на која ќе се задржам е без сомнение е онаа на која се задржаа поголем број на пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, кои на целата позиција ако може да се генерализира, бидејќи сметам дека горе - доле ставовите се исти, а тоа е она што се нарекува политичка позадина на овој закон односно на овој заем кога треба да се земе. Зошто? Затоа што морате сите вие да признаете кој што пред себе го имате не само законот како закон, туку покрај законот едно писмо кое е доставено, како што ни се објаснува овде, требало да биде тоа некој своевиден политички говор на господинот Сорош пред македонскиот парламент, значи се работи за една невообичаена пракса, не само за Македонија како Македонија и сметам дека сите вие кој го читавте ова писмо, а сметам дека и пошироката јавност во Македонија имаше можност да го прочита тоа писмо затоа што беше објавено во некои

средства за јавно информирање, не можеме ако размислуваме со еден логички разум веднаш да дојдеме до еден зак чок дека се работи за еден крајно невиден дрзок начин на политичко условување за давање за некакви економски средства во Република Македонија. Јас сум сигурен дека и на Африканските земји кога им даваат кредити сигурно не ги условуваат со вакви политички писма или со политички објаснувања зошто им го даваат тој заем како заем. Писмото кое веќе неколку пати беше спомнато од одделен број на пратеници овде во Македонскиот парламент сигурно не можеме да го потцениме и туку така да го ставиме настрана. Затоа што јасно е дека е тоа документ во кој документ ако го прочитаме внимателно има многу работи со кои навистина јас сметам дека не можеме да се сложиме ниту како пратеници, а ниту пак самата држава како држава ќе се сложи. Зошто? Затоа што реков тоа е еден невиден преседан на дрскост на политичко условување на една економска помош односно на давање на еден економски кредит. Не сакам премногу да го анализирам писмото како писмо, затоа што беше неколку пати спомнувано овде,меѓутоа, фактот дека господинот Сорос си зема таква голема слобода да ни кажува и да ни сугерира какви внатрешни односи треба да одредиме во Македонија изразено во неговиот концепт за некакво прекрасно и големо мултикултурно општество, кој тој цел живот го барал и конечно еве го нашол сега во Македонија, што сигурно треба да не загрижи сами нас кога успеал да не најде, да ги спроведува своите концепти за тоа така наречено отворено општество, самиот систем на отворено општество мислам е доволно јасно прецизиран во неговото писмо, сосема ги оправдувам ставовите на политичката група на ПДП и НДП, затоа што апсолутно може да се каже дека сите ставови тие што ги застапуваат овде како пратеници можеме

да ги најдеме и во самото писмо и тука навистина не гледам причина зошто тие би гласале против и ги ценам сите нивни поддршки и на писмото како писмо и на документот како документ. Меѓутоа, сметам дека сите ние другите треба да се замислиме. Значи едниот дел тоа е елементот на внатрешното уредување на Република Македонија кој е прејудициран со ова писмо и вториот елемент е разните поуки што ни се даваат овде во ова писмо за нашата историја каква била, што била, на што треба да се повикуваме ние, на што не треба да се повикуваме. Третиот елемент е она што се однесува за обележјата на една држава, конкретно знамето и грбот, дали му се допаѓа знамето, дали не му се допаѓа знамето,како ние треба да се однесуваме, како не треба да се однесуваме, значи самото писмо како писмо доволно е да го прочитаме еднаш и ќе видиме дека се работи за едно класично политичко уценување и условување на она што следува после тоа, а тоа е економскиот кредит. Јас ве уверувам дека ние ако ги оствариме овие работи што господинот Сорош ни ги нуди со ова негово писмо, ние овие 25 милиони долари, ќе ги добиеме , ако можеме повеќе да добиеме без никаква камата. Затоа што има заинтересирани страни кои ако го смениме знамето или ќе ги оствариме овие напори за мултиетничка заедница во Република Македонија, веднаш тие пари да ни бидат испратени на Македонската Влада во кеш без било какво враќање. Јас ве уверувам дека вие ќе најдете вакви претставници и симпатизери на една ваква идеа. Тоа е што се однесува до политичкиот дел . Пак ќе речам еден крајно дрзок начин на условување на еден кредит. Тоа е политичкиот дел.

Вториот дел што се однесува чисто на економскиот момент односно на самиот закон како закон за добивање на кредитот. Прво, тука цело време слушаме од претставниците на левиот блок на македонските

партии дека се работи за некаква хуманитарна помош, социјална помош, подарок на Република Македонија. сега што треба да правиме, да се лажеме самите себе или да ја лажеме јавноста. се работи за нај обичен економски кредит, за стапката не сакам да навлегувам дали можете да најдете пониска или повисока стапка, меѓутоа, се работи за најобичен економски кредит кој можете да го добиете во услови на моментот кога Македонија би била членка на Меѓународниот монетарен фонд и на се она што претставува една нормална држава. Тоа е основниот елемент. Значи, не треба односно нема потреба од убедување и за залажуваше на македонската јавност дека се работи за некаква економска помош или како што чувме, дури се одеше до таму да не убедуваат дека се работи за хуманитарна помош. Се работи за најобичен конвенционален кредит на кој господинот Сорош на крајот од 1993 година ќе си земе добар профит. Тука не треба никакви пароли дека тоа е работа на некаква голема љубов кон Македонија.

Втората работа што се однесува за економскиот дел како закон тука апсолутно можеме да поставиме неколку прашања. Ако господинот кој ни го дава тој кредит зошто го дава како краткорочен кредит, кога знаеме дека на краткорочните кредити заработките се најголеми, а да кажеме тој кредит не го даде на една долгорочна основа. Кога бил долгорочен овој кредит ние би го прифатиле. Меѓутоа, што ќе добиеме со овој краткорочен кредит. Ќе добиеме привремено гаснење на пожарите за да кон крајот на оваа година 1993 кога треба да се исплати истиот кредит ќе добиеме неколку пати влошена состојба во Република Македонија. Впрочем, тоа е целото искуство, ако може- ме да имаме некое друго искуство од земањето на кредитите кој ги земаше и Југославија и Македонија во минатите 45-години.

Третата работа што се однесува за економскиот дел тоа е прашањето на задолжувањето со девизните резерви односно гаранцијата со девизните резерви во Република Македонија. Се поставува прашањето веднаш ако тој кредит нема да биде вратен до крајот на 1993 година, од страна на Македонија, а ако ја следиме економската состојба во Република Македонија можеме повеќе од сигурни да бидеме дека овој кредит нема да биде вратен до крајот на 1993 година се поставува прашањето што добиваме тогаш. Ако кредитот е овде 25 мили они долари, а ние знаеме дека девизните резерви на Република Македонија се околу 20 милиони долари, ако не се и помалку во овој момент, тогаш што добиваме? Добиваме, значи, ние на крајот на 1993 година како држава треба да објавиме или финансиски банкрот или да седнеме повторно со господинот Сорош и да се договараме за нова каматна стапка. Јас ви гарантирам, како што можевме да прочитаме пред некој месец, како господинот Сорос успеал Англиската, Лондон- ската берза да ја прелаже, тогаш сигурно нашите економисти и нашите финансиски стручњаци неколку пати повеќе ќе има да ги прелаже и потоа ќе влеземе во еден круг од кој круг немаме излегување. Тоа е целата работа околу економскиот дел.

Конечно, повторно да го погледаме тој економски дел. Ние знаеме дека Европската заедница на Македонија и одобри 100 милиони еки помош и тие најмалку половината се за нафтени деривати односно се она што е сврзано со нафтата. Ако ние веќе таа економска помош ја добиеме од Европската заедница, зошто ни се сега дополнителни кредити како што стои во образложението дека е тоа за нафта, а од друга страна во писмото на господинот Сорос пишува дека тие тие 25 милиони долари ги дава за неговата концепција на отворено општество. Еве ако сакате можам и да ви го цитирам: "Ете зошто и давам 25

милиони долари на Македонската влада, за да го промовирам отвореното општество". Значи, тука има некоја контрадикција, образложените на Македонската Влада дека тие пари ќе бидат употребени за набавување на нафта, а во писмото на господинот Сорос пишува вели дека тие 25 милиони долари ќе бидат употребени за промовирање на неговата идеа отворено општество во Република Македонија. Нормално, треба Владата да се усогласи со писмото, ако веќе ги имаме тие 100 милиони еки од Европската заедница во овој момент како подарок на Република Македонија, сметаме дека едно вакво ново задолжување на Република Македонија не и е потребно. Зошто не и е непотребно на македонската република едно вакво ново задолжување. затоа што ние како партија и како пратеници сме повеќе од сигурни дека оваа Влада со тие 25 милиони долари нема да направи ништо, буквално ништо, можеби ќе изгаси неколку сопствени внатрешни пожари, можеби ќе го пролонгира својот век на живеење пред македонската јавност, а на крајот некаде на есен на една нова Влада на Република Македонија, која се надеваме дека ќе дојде конечно во Македонија, ќе и остави повторно уште еден долг кој треба да го враќа таа Влада и целиот македонски долар. Со сите оние последици што значат соочување со таквиот проблем.

Конечно, на крај чисто можеби еден морален аспект. Ние веќе имаме информација дека овој договор е потпишан од страна на одредени луѓе на македонската држава и од тука од вас се бара само уште една потврда да го потврдиме она што веќе е потпишано. Таквата функција воопшто мене не ми е прифатлива мене како пратеник да аминувам некои работи кои веќе се договорени и кој веќе се потврдени. Затоа, кога станува збор за прашањето за земањето на овој заем, не

само што ќе гласам против, туку имам намера и да ја напуштам седницата на македонскиот парламент, затоа што сметам дека со моето останување овде немам намера да права кворум на владејачката коалиција за да си ги остварува своите цели.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ставот на пратеничката група по Законот го изнесе Зоран Крстевски, поради што јас не мислев да се јавам, б идејќи нема потреба да навлегуваме во широка расправа. Меѓутоа, слушајќи ја расправата вчера и делумно денес почувствував потреба сепак да кажам нешто. Добив впечаток дека поголем број од пратениците кои што зборуваа од редот на позицијата се против донесување на овој закон. Тие изнесуваа разни документи кои што јас би ги сврстил во три групи. Еден дел од нив се од национална политичка природа. другиот дел се однесува на содржината на законот. А третиот дел е врзан за општиот однос на опозицијата кон Владата и нејзиното работење во областа на плаќањето со странство.

Што се однесува до првата група аргументи овде се настојуваше да се каже дека давачот на овој кредит има мислење и политичко искажување кои се разликуваат од нашите, особено од оние на припадниците на опозицијата. На тие аргументи не би се осврнувал, да не се наоѓаме во еден граничен период кога се уште не сме разграничиле со еден стар систем, со идеолошки заблуди и дисквалификации кои за се и сешто бараше политичка подобност и тоа подобен е оној кој што има, мисли со оној кој што бара подобност. Тоа ме потсеќа на едно време и на некои земји кои одбиваа од идеолошки причини да земаат кредити од странство. Јас мислам дека тоа време да го оставиме зад нас, меѓутоа сепак сакам да кажам дека сите тие

аргументи не ги прифаќам, бидејќи тие не водат во потешка сиромаштија. Јас сум против барањата политичка подобност од сите оние кои сакаат економ- ски да соработуваме. сега во светот не е битно што кој мисли за него, туку што дава и под кои услови дава. Затоа , под таа група аргументи натаму не сакам да зборувам.

Втората група аргументи се однесува на содржината на законот и се вели дека ова не е помош туку кредит. Се вели дека е лошо што се обраќаме на поединци чии политички намери не ни се јасни. Наместо да се обраќа на некоја Лондонска или некоја друга банка, кој ќе ни дава кредит. Се изнесува мислење дека овој кредит е скап. Во врска со овие аргументи сакам да го кажам следното. Точно е тоа дека покрај наведените услови не е помош, бидејќи е кредит. Но, точно е и тоа дека нас никој не ни дава кредит, заради познатите причини, затоа што меѓународно пошироко не сме признати. Од отцепувањето од бивша Југославија до денес Република Македонија не добила ниту еден долар кредит и ако постојано настојуваме да добиеме до разни банки и тоа не од некои идеолошки причини, само заради и останувањето на меѓународното признавање.

**ДИМОВ ТОДОР:** (продолжение)

Условите под кои кредит ни се дава се поволни, каматата е по либер 625% плус 1% или вкупно 4625% годишна камата. За ваков вид на кредит на светскиот пазар вакви камати се пресметуваат само за земјите со најмал политички ризик, каде Република Македонија не е на листата на можните корисници на кредит. Денес Република Македонија плака камати на кредити кои ги користела на време додека била во составот на СФРЈ но на кредити чие мирување е уредено со аранжманите на Парискиот клуб, плаќање на камати 7815 годишно на кредитите кои штос е користени од комерцијалните банки плаќано од 5 до 5,70% годишни камати, кои се одобрени на СФРЈ средно политички ризик. Според тоа, овој кредит е исклучително поголем, поради тоа што е со ниска камата. Ова по односите и поради тоа што каматата се пресметува и се плака само на искористениот дел. Друга врска на приговор на содржината на Законот беа дека не се знае намената на кредитите. Во врска со тоа сакам да кажам дека нашата земја, како и други неразвиени земји ќе користат две врсти на кредити по намери. Некои кредити ќе бидат користени исклучиво за започнување на познати проекти но ризикот на тие кредити ќе биде на познатите субјекти во аранжманите. Во Република Македонија се користат кредити за така наречено платно - билансни потреби, такви кредити користат и други развиени земји, како на пример Италија, која запаѓа во платно - билансни тешкотии на членките на меѓународниот монетарен фонд се одобруваат исклучиво само за платно - билансни потреби на државите. Овој кредит за платно - билансните потреби треба да ги предности нашите тешкотии додека не станеме полноправна членка на ММФ. Според тоа, не држат приговорите што се упатуваат за намените на овој кредит.

IV/2.-

Трета група приговор се на домаќинското, односно недомаќинското однесување на Владата. Овде еден од учесниците во распра- вата рече дека старата Влада создава резерви од 40 милиона долари, а новата ги потрошила сите овие девизни резерви и не создала ништо. Како економист внимателно ги следам девизните резерви на Република Македонија, тие во моментот на изборот на новата влада изнесуваат 50 милиона долари, а на 31.12. изнесуваат 59,5 милиона долари. Според тоа, за општото движење на резерви, тоа што го кажа еден од пратениците, или е намерно неточно е речено, или од незнаење. Според тоа, девизните резерви за 4 месеци откога е избрана новата Влада зголемени се за 18% и притоа покрај зголемувањето на девизните извршено е плаќање за уште 8 милиона долари, од кои 3,5 милиони долари по одлуки на новата Влада и 4 милиони долари по одлука на старата влада во овој период. Да не должам овие плаќања што ги спомнав од 8 милиони долари девизните резерви денес би изнесувале 67 милиона долари. Според тоа, генералниот приговор на опозицијата дека Владата недомаќински работела и ги растурала девизните резерви едноставно е невистина. Мене не ме загрижува ваквиот приговор и вистината нивна ќе се открие допрва, она што мене ме загрижува во овој момент е неспособноста на дел на пратениците по опозицијата што е од општ државен интерес, а што е политички интерес, на Владата па напаѓајќи ја оваа Влада одат дотаму што се спремни да го жртвуваат општиот државен интерес заради интересот да се покаже дека тие подобро ги владееле. Јас не ги прифаќам таквите ставови на опозицијата затоа се сите бирани од народот. Наша основна задача е да делуваме политички во смисла на избегнување на крајна сиромаштија и да направиме простор за подобар живот.

IV/3.-

**ТРПЧЕВСКИ ДУШАН:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа Вчерашниот ден и денешниот ден беше исполнет со голем број дискутанти во врска со овој предлог на закон, во врска со задолжување на Македонија а во странство за добивање на кредит од 25 милиони долари. Мислам дека од еден добар дел од дискутантите беа наклонети за, а еден добар дел беа и против неговото донесување. И едните и другите си ги образложуваа своите податоци од свои видувања итн. Меѓутоа, мислам дека донесувањето на овој закон во овој момент, односно Предлог на закон ние потребен од следните причини: голем број од овие дискутанти кои што сакаа да се донесе овој закон поаѓаа од тоа дека ова фактични ни е помош. Помош ни се доделува во оние моменти кога тој ќе биде или неповратен, или во крајна линија без камата. Меѓутоа, со една ваква камата која што треба да се исплатува после третиот месец, а во рок од 6 месеци од неговото користење,мислам дека не претставува никаква помош. Не претставува и никаква помош и оттаму затоа што целите на овој кредит за мене ми се непознати. Не познати ми се оттаму што ми се нуди краткорочен кредит за набавување на нафта и други потреби кои што и се потребни на Република Македонија. Во овој Закон, односно во овој Предлог на закон не се наведени кои се тие други потреби. Мислам дека досегашното набавување на нафта и нафтени деривати од приватните превозници и набавувачи на нафта, воопшто не беше доведена во прашање тие на некој начин да бидат снабдени со девизи од страна на државата, како што има намера со овој Закон. Според тоа, мислам дека заднината на овој Закон за мене сеуште устанува нејасна. Нејасна останува поготово оттаму што кога и ние би добиле еден ваков кредит од 25 милиони долари, како што и некој од претходните дискутанти наведоа дека  треба со овие средства да се оплодат други

пари или средства или пари во Република Македонија и на тој начин профитот да дојде, а јас мислам со купување на потрошувачки моменти немаме оплодување. Оплодување на средствата ќе уследат тогаш кога со ваков кредит ќе бидат изградени објекти кои што утре ќе бидат профитабилни и ќе донесат средства нови сопствени, тука во саката Република, како што и некој од претходните дискутанти изнесоа и самата помисла дека овој кредит се донесува со некои политички позадини во однос на стварање на некое мултикултурно општество, во однос на условување со знамето дека не требало да биде донесено такво, или условување дека не треба д а биде донесен грбот на Република Македонија кој евентуално што веќе ќе биде лавот итн. и некои други компоненти кои се дадени во ова писмо, мислам дека има навистина една голема политичка позадина Никој пак и во минатото во Бивша Југославија не биле така условувани кредитите како што е овој кредит. Јас уште еднаш би го поставил прашањето, бидејќи навистина не ми е јасно што има разлика меѓу краткорочни кредити што имаат лихварски камати или меѓу долгорочни кредити кои што се добиваат од меѓународни институции кои со години се отплатуваат со минимални камати и имаат можност тие да се репрограмираат и на тој начин ова наше општество, оваа наша држава да не ја донесат во една состојба на банкротство во текот на изминатите, односно после 6 месеци ние не ќе бидеме во состојба да ги отплатиме тие 25 милиони долари. Јас како што имав можност да слушам, а како што беше наведено и во Предлогот на законот дека гарант за овој Закон ќе биде Република Македонија со своите девизни резерви, па зарем во овој случај не е подобро ние за најнеопходните намени во Републиката да ги користиме тие државни резерви, отколку да се задоожуваме со кредит со такви лихварски камати. И мислам дека и Владата, а и тука беше претседателот г-динот Црвенковски, должен е да ни објасни за сите позитивни и негативни

IV/5.-

импликации кои што беа вчера изнесени и денеска од оваа страна, односно опозицијата и некои претставници од пратеничките како што беше Ефтим Манев итн., дека навистина задолжувањето на Република Македонија со ваков кредит може да биде и многу тешко, да не речам и погубно.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Вчера ако забележавте кога јас се симнам во тука, ви кажав пријатно. Денес пак ќе ви кажам. Убаво го анализирав писмото и сакам да го прочитам, ќе го дадам на секретарот ако сака да го прочита писмото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е писмото на дневен ред, туку закон. Имаме општ претрес по Законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

За тоа што ние сакаме да донесеме по ова писмо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмото нема врска, Законот е предмет на расправа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Никој не може да и каже на Владата ево ви пари. Така почнува писмото. Јавноста треба да знае дека ова писмо е приватно писмо и вели сакам да дојдам, во Скопје и да и дадам на Владата пари. Убаво ги сослушав сите и на никого не му попречив. Многу од партијата на која и припаѓам ВМРО ДПМНЕ пратеници многу јасно и гласно ја кажаа вистината за овој Закон што треба да го донесеме. Бидејќи почнувам секогаш не од метафори, туку од вистини се сеќавам на третата седница реков дека кога ја кажав играта што се игра во овој Парламент, игрите господа не престануваат. Игри без граници.

IV/6.-

Овој закон ми личи на игра која нема граници, а таа игра треба да ја ограничиме и малку да се сознаеме и да видиме што треба да направиме. Во други прилики, во други демократски држави за такба ситуација и за таква, јас ќе ја наречам превара, која го тера Парламентот да гласа иако е тоа потпишано од некој луѓе, Владата си оди автоматски, Владата, кој се смес се смее сам на себеси, не е чиста. Ми се чини дека за такви прилики и за такви состојби владите во парламентарните демократии си одат веднаш, даваат оставка доколку некој има ставено и потпис. Ќе се смеете, а и ќе плачете. Ова ми личи повеќе на грчко масло. Извинете вие господа не засегам никого кога велам на грчко масло. Зарем треба да атакуваме со човек кој ни става политички услови за еден минимален кредит од 25 милиони. Господинот Љупчо Георгиевски ми ја зеде една голема мисла, нема да се смеете, нема да акате и немојте да дишите. Тоа акање народот да го слушате како акаат, а сме имале велите 50 милиони долари. Подобро да ги извадиме тие резерви. Зошто ќе се употребат. Ми се чини на коалицијата и годи. Зошто годи. Не ви го навредувам семејството, не ве навредувам ни лично по име, затоа треба да имате малку obѕир, затоа што ова што го кажувам тука ќе се случи. И може да се случи многу полошо да ја изгубиме довербата,што ќе побараме утре. Ќе речат - мајката, тој Парламент арамии беа, со кој се фатија тие, со кој човек и тогаш ќе речеме немаме право да бараме затоа што направивме престап. И тогаш ќе ни свирне судијата во аут си, и надвор ќе одиш. Надвор ќе одиш од играта. Уште не сме влезени во играта. Да се донесе еден закон ваков, пак ќе го наречам писмото- а -. За мене е тоа едно обично писмо, ние правиме превид и пред да ни свирне судијата треба да се помислиме и да не го донесеме. Ние земаме потрошувачки кредит, вие од Печатот малку да не пишувате што

кажуваат нашите парламентарци од ВМРО ДПМНЕ. Ги читам вашите весници, а за тоа ќе имаме време, ќе видите што ќе кажам за Печатот. Јас никогаш не сум настапил против Печатот, но сега ќе настапам, затоа што никаде, извинете господа од Претседателството, затоа што и тие се насмевнуваат ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа имаме точка друга.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ние зборуваме, а вашиот Печат, не е наш на една компанија кој служи на некого, пишуваат што сакаат. Нека пишуваат што сакаат сега за сега, а утре ќе видиме што ќе пишуваат. Реков дали е тој потрошувачки кредит, кога ќе одиш да земеш потрошувачки кредит, краткорочен или долгорочен во едно претпријатие ќе ти побараат двајца сведоци. Може некој да ги слуша тие привилегии, не бараат кредит си бараат колку им требаше. Е не може сега така. При ваква демократија не може секој да си зема без сведоци. А во моментот сме ние сведоците кој треба да го потпишеме тој кредит. Кој му стега нека го потпише. И ве прашувам уште една работа господа, дали Владата има кога се потпишува еден кредит, кога се потврдува кредитот со еден закон, вчера малку кажав, а денес се сетив дали Владата, јас не пишувам, немам такво штоко да седам и да пишувам реферати, јас зборувам тоа што во моментот го слушам од пратениците и го искажувам. Дали Владата има елаборат каде ќе се потрошат средствата. Сигурен сум дека нема. Тоа е манипуански елаборат. Ќе земеме бензин, утре можат да кажат ќе купиме рафинерија, друг ден не знам што. За мене како пратеник на мојата партија од денес

таа Влада ја сметам за виновна, што не стави во маки од министрите можеби не сите, но некој од нив се виновни, затоа што манипулираат со Собранието и манипулираат со народот кој живее во оваа уште непризната Република. Може ли да не се политизира случајот. Кој сака нека дојде тука со мене, нека седне, вие ќе слушате како ќе му одговорам. Случајот е тотално политизиран. Добро, ние имаме искуство. Не јас, можеби и вие немате такво искуство но знаеме како се трошеа тие кредити што не доведоа да имаме само по два леви опинци, да немаме десен. Зарем пак ќе почнеме со тоа. Почнете господа и оправдајте се пред народот. Или некој мисли дека ќе ги земеме кредитите да ги наплатиме калфите, полицајчината јас порано ги викав, ќе им фрлиме по некој долар, па ќе излезе пратеник. А утре

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (Продолжение)

Каде ќе се сокриеме? Што ќе каже народот? И таа мисла ми се врти. Значи, сакаме да манипулираме со некои кои сакаат да манипулираат со нашиот народ. Не, господа, точка. Сите партии кои се во коалицијата малку ќе се помислат, ќе се ослободат од таа тегоба, зашто тоа ви е тегоба, да знаете. Таа ви е една тежина, знаете каква тежина. Можете да носите сто кила, а се товарите со 20 0 кила. Не може еден мост да крепи тенк од 200 кила, кога е предвиден од инженерот да крепи 500 кила. И јас не сум економист но сум човек кој убаво го видов општеството кое го рушиме. Или мислите дека ќе му дадеме инекција на тој систем кој беше. Не, сака не сака, тој ќе умре. Секогаш волкот умира каде што ќе направи најголема штета во стадото. Таму ќе оди ќе пцовиса. Тоа е така пред- видено од господ. Природно е малку поинаку. Волкот ќе пцовиса токму во стадото каде ќе направи најголема штета, ќе се свитка тука, ќе пцовиса волкот не може да оживее. Не можеме ние нешто кога умира да го сториме. Или не може да се покажеме утре бизнисмени кои ја украдовме државата на некој начин. Не можеш така да бидеш бизнисмен, не, народот ќе те осуди и светот нема да ти верува. Ако ја кажеме вистината, не треба да се срамуваме. А вистината, кога да е ќе излезе на бело видело. Знаете ли колку сме ние? Колку што се гледаме толку сме. Пребројте ги вашите гласови на вашите луѓе и ќе видите дека ние сите се познаваме. Сакате ли да одиме сакати со штаки или да бидеме бодри и здрави? Кога завчера ве прашав, не ми одговоривте на едно прашање: Што тежи повеќе, една мала паричка или еден вагон злато. Сто насто знам дека никој нема да ми одговори од двете страни. Јас завчера бев во црква. Тоа е вистина, но ќе ви кажам. Отидов во црква да запалам една свеќа како христијанин. Внатре видов

луѓе кои минатата година и пред минатата година беа против свеќата и против црквата, верувајте ми. Со бунди, со убави капути, со убави кондури и зеле толку големи свеќи. Тука еден од нашите пратеници беше. Сега тие сметаат дека гревовите ќе им се простат. Слушајте сега, а видов и една старичка пред вратата со една толку малечка свеќичка,(покажува со раката), немаше ни капут, беше во црно облечена. Отидов да и честитам празник. Ме погледна и се расплака. Знаете што ми рече? Која свеќа свети повеќе, дали на овие тука јадачите или мојата свеќичка. Јас и реков твојата свеќа свети повеќе.

Ви благодарам, носите закони какви што ги бара нашиот народ, а не така. Ви реков дека со овие игри паѓа Владата. Запалете мала свеќа за да имате отворен пат. Не палете големи свеќи затоа што тие свеќи нема да горат.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Дами и господа, излегов само да му искажам благодарност на пратеникот Љупчо Георгиевски, воедно и претседател на ВМРО-ДПМНЕ за афирмацијата и признанието на ставовите на пратеничката група ПДП. Инаку ставовите на господин Сорос, ставови на човек демократ признат во светски рамки. Тоа е поука за овој Парламент дека нашите ставови ги поддржуваат сите луѓе кои демократски мислат. Уште еднаш благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и јас бев инспириран од денешната расправа да се јавам за збор, иако и вчера при крајот на расправата добив некоја инспирација, но денес ми се комплетира сликата. Навистина да се заблагодарам на грижата на опозицијата за Владата.

Така добро ни ги отвора очите што.... (некој од пратениците дофрли од место "за летоците") добро, и за летоците ќе дојде, нема проблем. Така добро и ги отвори очите на Владата па мислам дека Владата не треба да се секира за ништо. Па има ли подобра прилика од оваа да ја кутнете Владата како опозиција? Краткорочен е кредитот, за 3 месеци причекајте ја, сите овие факти што ги изнесовте тогаш на маса овде изнесете ги, Владата мора да падне. А вие овде толку адути дадовте во рака што мислам дека само Влада која што е составена од аматери нема оваа шанса да ја искористи.

За Законот, Законодавно - правната комисија кажа овде дека Законот е во согласност со Уставот и даде позитивно мислење. Значи, има уставен основ за донесување на Законот, има и потреба за донесување на законот. Тоа го кажа Законодавно - правната комисија. Според тоа нема никакви дилеми по однос на тоа дали треба или не треба таков закон.

Прашање е дали станува збор за заем или станува збор за "зеленашки кредит" како што вчера беше речено овде. Во амандманот на Владата прецизно стои под кои услови се зема овој кредит и јас отворено тврдам дека досега ниту е земен кредит, не само во земјата туку и пошироко под вакви каматни услови, како што е овој кредит, како што го вика господинот Сорос заем. Според тоа, не станува збор апсолутно за товар на Републиката, туку напротив како што говори господинот Сорос во почетокот на своето обраќање до Парламентот и македонската јавност за помош за премостувањето до зачленувањето на Македонија во меѓународните финансиски институции.

Повеќе бев мотивиран од политичките конотации кои во одделни дискусии се даваат на овој закон. Јас веднаш да кажам, нема никакви

политички услови, ниту има некакви политички конотации. Господинот Сорос има невладина фондација, институција. Зад господинот Сорос не стои ниту една влада. Тој има во 17 земји, како што говори, формирано фондација. Зад него ниту стои Владата на Америка, ниту на Велика Британија, ниту на Франција ниту на Германија. Според тоа, може да има политичка позадина ако има влада, ако има држава зад неговата фондација. Таква работа не постои. Според тоа, апсолутно станува збор; за хуман гест на човек кој овие две години се уверил дека во Македонија има шанса Македонија да изгради демократско општество и пазарно стопанство. Како што можевте да прочитате денес, а што слушнавте вчера Македонија и од Управниот одбор на Европската банка е предложена за прием до Советот на гувернерите и основното образложение е заради тоа што Македонија покажа за овие две години дека гради демократско општество и дека развива пазарна економија.

Според тоа, ве молам - јас го молам господинот Георгиевски, тој изрече една реченица и јас сакам да верувам дека тоа е сепак некоја непрецизност, дека ние знаеме дека заемот до крајот на годината нема да го вратиме. Молам ако е сигурен, бидејќи станува збор кој е лидер на една партија која има најмногу пратеници во Македонскиот Парламент, на тој начин дека се руши кредибилитетот на земјата и пред меѓународните финансиски институции и пред Европската банка ако сакате и пред овие за кои денес разговараме.

Според тоа, друго е ако тоа произлегува да речеме од независен пратеник зад кој не стојат многу пратеници, а друго е пратеник зад кој стојат најголем број пратеници во Парламентот. А ние треба, тој совет на гувернери треба да донесе одлука сега за зачленување, за прием на Македонија во таа банка. Според тоа, се она што ние го говориме овде

во Парламентот и те како има силен оддек надвор и оние што не ценат за финансиска поддршка, за финансиска помош.

Не можам да поминам и преку онаа констатација дека станува збор за "грчко масло" овде со прифаќање на овој кредит. Би сакал да сфатам дека грчкото масло само ќе биде во оваа наша каша запржено под услов ако немаме никаква можност Македонија да добие никаква финансиска поддршка од никаде. Дури тогаш ќе одиме на линија на грчки- те ставови дека Македонија нема меѓународно - правен кредибилитет, нема економска моќ, нема способност да има своја држава. Тоа е грчко масло, а не е грчко масло ако некоја финансиска институција, и покрај противењето на Грција ни дава кредит, ни дава помош. Тогаш тоа е значи признавање на оваа држава и на она што ние како општество го градиме во оваа Република.

Според тоа, бидејќи расправаме во начело за Законот, мислам дека нема никакви резерви овој закон да се поддржи а револтот на одделни пратеници го подразбирам затоа што во негативна конотација е спомната таа партија во обраќањето на господинот Сорос, и мислам дека заради објективност на јавноста господинот Сорос се оградува на крајот и вели дека би било многу неумесно од моја страна јас да ви кажам какво ќе ви биде знамето или каков ќе ви биде грбот. (во салата се слушаат реакции од некои пратеници).Но вели, имам право на свое мислење, и тој тоа свое мислење го искажува. Дали ние тој кредит - апсолутно не треба да се поврзе со обраќањето на господинот Сорос до македонскиот парламент, бидејќи нема никакво условување, бидејќи нема никаква политичка задница. Тоа е совршено јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Анастасовски по четврти пат.

(Некои пратеници од место извикуваат “не е битно").

Многу е битно, ова е Парламент и треба малку да внимаваме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

(Излегувајќи од место кон говорницата - 24 саати во Парламентот на Италија зборуваше по телефон еден пратеник од дома и сите го слушаа)

Господине Тито Петковски (од место некој извикува "другар"), не, господин Петковски, полека се отвора големата - и тоа ќе ти го кажам веднаш, затоа што никогаш не сакав да ти го кажам, а бидејќи ме заболе сега длабоко се отвора големата карта. Прво го нападна лидерот на Партијата. Нас никој не не праша дали ние господа бараме каков кредит од некој Шоро, од некој Моро, незнам кој. Ние сме опозиција и ја штитиме Партијата на која им припаѓаме и народот кој не изгласа во мнозинство. Не штитиме ничии други интереси, туку интересите на македонскиот народ. Тоа да го имате малку во памет секогаш.

Друго, во тој контекст и мојот претседател го изрече тоа што вие го кажавте, ослободен од секаква тегоба не носи ниеден грам товар до тоа што вие го правите сега.

Друго, сакам писмото во оригинал да се види, да се прочита и да видиме кој го пишува. Инаку ќе сметам дека не лажете.

Трето, го спомнавте грчкото масло и признавањето. Колку некој сака да ја признае Македонија, колку што знам јас толку да не кажам. Грчкото масло, и Грците трошат милијарди драхми и милиони долари да не не признаат. Грците во сите институции надвор имаат пратено цели бригади луѓе да ни закочат, да ни попречат. Јас кога реков грчко масло,

не реков така само да го слушнат луѓето и вие тука. Тргнувам од таа констатација дека овој кредит има и тоа ќе го потврдам и сега и утре и секогаш, политичка заднина. Нема никој право плус тоа ако е човек кој од се срце дава никогаш нема да каже дали ќе ни биде знамето вакво или поинакво, вие толкувајте го како сакате, или непосредно или посредно, или со некој негов ортак, тоа е речено. А вие сакате да ја негирате вистината. Не сите.

Можете ли вие да ми го покажете писмото дури сум тука на бината, оригиналот? Или нема да слезам два дена од тука. И тогаш да ме убедете господине претседателе дека тоа писмо не пишува дека тој човек ќе и помогне на вашата влада. Го имате ли оригиналот?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмото во оригиналот ви е умножено и поделено.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас не станувам луѓе два дена од тука и нема право никој да ме спушти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмото е добиено со такси.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас сум ослободен од тегобите, јас не се слегувам дури писмото не го видам овде, дури писмото не го видам тука. Јас можам да ви дадам такво писмо и да го потпишам. Јас сега ќе одам ќе го напишам и ќе ви го делам и ќе ви напишам дека ќе ви дадам 500 милиони долари. Тоа го барам од претседателот да ми го даде писмото да видам до кој дојде, до Митко Анастасовски, до Фаик Абди дојде, до Бранко Црвенковски дојде? Ако е дојдено така....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа што е дојдено ви е поделено.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

...тогаш да станеме да си одиме, се лажеме. (во салата се слушаат реакции од некои зборови "не е поделено",а претседателот вели "тоа е поделено").

Не е поделено.

(Претседателот на Владата Бранко Црвенковски од место му вели на пратеникот Митко Анастасовски "еве го писмото").

Да станеш (му се обраќа на Бранко Црвенковски) и да го извадиш писмото, ама да го видам. Ќе ми го дадеш, така? Штом ми кажеш ќе го дадеш, ќе седнам и ќе го прочитам, само да нема една буква сменето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Господин Владимир Голубовски, сака уште еднаш да зборува.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сите сериозни работи за кои што владејачката коалиција не може да понуди одговор вешто се преставуваат како несериозни, како смешни. Мора да се признае дека за тоа се потребни квалитети, но и ако се земе во предвид дека тие квалитети се стварани низ минатите 50 години тогаш и не мора да се дадат посебни комплименти Секако дека и ова што господинот Анастасов го покрена околу веродостојноста односно уште повеќе можноста пратениците во оригинал кога има едно сомнение да се уверат во вистинскиот текст кој што е упатен, ако воопшто е упатен таков текст на некоја адреса во Македонија, а на некој начин ете и нас ни е упатено во Парламентот, требаше да се сфати сериозно и токму за да нема никакви манипулации, ако вистината е таква како што тврди Владата и претседателството на Парламентот, тоа беше добра прилика дури да се одржи лекција на опозицијата и добар момент да се каже дека ете владејачката коалиција е сериозна, но ние другите не сме сериозни, на другата страна. Зошто, барем за мене неодминливо е чувството дека овој текст коинцидира премногу со некои тези кои што се антимакедонски поставени и кои што сега во една ситуација на економска криза и посебно една сложена социјална ситуација е можно да се искористат како поддршка на својата позиција. На она што особено е многу важно за една Влада во кризни ситуации да направи било каков, ама и најмал позитивен помест. Јас одобрувам една таква тактика, веројатно и секој што би се нашол во една таква ситуација би пробал пред македонската јавност во оваа ситуација да покаже дека оваа Влада има пријатели, оваа Влада дека може да направи нешто за државата која што сега ја сервисира. Но, ниту сумата импресионира, ниту околностите под кои тоа

се прави, се уверителни. Напротив, останува голем простор за основано сомнение. Кога реков дека сумата не импресионира само да ве пот- сетам дека од девизните штедачи во Битола заробени се 127 милиони американски долари, а добро ви е вас познато дека повеќе од една милијарда и 100 милиони долари се заробени средства на македонските граѓани. Зарем не можеше Владата да понуди едно излезно решение во смисла да се откријат внатрешните можности со тоа што ќе ни предложеше една иницијатива на една таква камата што ќе предизвикаше еден почетен процес на доверба на македонската штедачи и една гаранција, па таквите средства кои што се повеќе, јас сум убеден, од 25 милиони $ сега надвор од банките кај граѓаните да тие ги вложат и со тоа да се покрене еден позитивен процес во македонската држава. Или ќе се посегнува само на она што може да служи како елемент на еден илузионизам, но со слаб квалитет и со разоткривање и на она просечна публика на триковите со кои што треба да се постигне.

Јас и вчера укажав дека една држава и во тешки моменти мора да го сочува своето државно достоинство не само заради внатрешните потреби, туку уште повеќе заради позицијата на Македонија особено сега во процесот на меѓународното признаваше. На овој начин секој аналитичар, секој аналитичарски штаб лесно ја открива цврстината на македонската држава колку може таа да издржи и под такви околности, па дури и за оние фундаментални интереси на кои што сега не притискаат да попуштиме. Ако Македонија попушта за 25 милиони $, кои што не ги добива неповратно или со некои особено поволни услови тоа

би можело барем да ги натера оние што ја проценуваат ситуацијата во Македонија на погрешна проценка да помислат дека ние сме на измак на силите на спремноста да ги заштитиме прокламираните национални интереси.

Уште еднаш да повторам дека за мене е апсолутно неприфатливо ние како Парламент да не се оградиме од тезите во писмото кое што е во потполност веќе спорно за мене, туку условно при- фаќам дека такво писмо постои, со таков текст како што ни е упатено на инсистирањето на мултиетничка држава. Таква теза не можам да прифатам лично и сметам дека најголем дел на народот, ете оној народ што стои зад партиите кои што не се сложуваат со такви тези, а можеби вашиот дел на народот да се сложува, но вие исто така не можете сега, денес да го презентирате дека воопшто некој се сложува со вас. Вие сте опфатени со една нервоза да опстоите на власта бидејќи примарно тоа е вашиот интерес за жал.

Јас сметам дека опозицијата денес ќе направи катастрофална грешка доколку дозволи да дојде до редовна процедура да се оствари кворум на денешната седница. Нека денес биде преломниот момент, нека западне Македонија во владина криза, нека се изнудат предвремени избори. Само тоа е правиот излез од кризата. Очигледно овој Парламент и оваа Влада веќе не може да понуди ништо паметно што може да преставува како излез од кризата на Македонија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Имав желба да говорам на крај, кога целата расправа и дискусија ќе заврши, но очигледно ќе потрае бидејќи се јавуваат и нови дискутанти, меѓутоа бидејќи имам и некои други обврски кои  што се неодложни во

овој случај, затоа сега ќе говорам со целиот ризик дека може и подоцна во дискусијата ќе бидат искажани некои други работи кои што сега при ова искажување ќе ги немам во предвид.

Прво, секогаш е голема дилемата дали е поголема нервозата на оние кои што сакаат да опстојат на власта или на оние кои сакаат по секоја цена да ја освојат власта и кои средства ги користат, чисто едно филозофско прашање бидејќи таа тема пред малку беше наметната. При тоа, дали сте спремни принципиелно да се постапува во секоја ситуација, или се спремни заради таа своја намера да се освои или опстои на власта да се оди и спротивно на интересите на државата. Јас жалам што немав прилика, немав можности да ја следам целата дискусија, бидејќи денес за кратко време бев отсутен, а очигледно во тоа време се случиле некои работи многу интересни, меѓутоа, сепак, од она што имав прилика вчера да го слушнам и она што имав прилика денес да го слушнам би можел да го поделам на два дела. Тоа е она чисто, кога би се говорело за овој проблем како за еден финансиски аранжман со сите услови, погодности .или неповолности што тој ги нуди и втората нитка оној политички дел, кој што сакале или не се проткајуваше и во вчерашната расправа и во денешната расправа. Бидејќи сепак е ова закон за финансиски аранжман, за земање на кредит од странство, на тој начин задолжување на Републиката, јас пред се би се задржал на тоа, како основна поента, а можеби на крајот би кажал свое мислење околу политичкиот дел.

Прва работа е што ние не смееме да изгубиме контакт со реалноста и навистина добра политичка проценка каде сме ние всушност и кои сме ние всушност. Сакале ние да признаеме или не фактите го

говорат Македонија во овој период е високо ризична држава за странски инвестиции. Тоа сите показатели, параметри го говорат и впрочем по некои листи што се правата кои се тие земји каде што постои голем ризик на странски инвестиции Македонија го зазема највисокото или едно од највисоките места. Се разбира тука има повеќе причини, но јас во оваа прилика би навел само неколку.

Прво, Македонија се уште не е меѓународно призната држава и тоа само по себе претставува причина што ги одвраќа и потенцијалните инвеститори во оваа Република, бидејќи да не заборавиме секој што сака да инвестира сака да има извесна извесност или сигурност за својот капитал што го вложува, без разлика дали е тоа форма на заем, на странско вложување, на кредит или некоја друга форма. Тоа е една од причините, не единствената, меѓутоа, една од причините зошто во еден подолг временски период наназад ние немаме буквално ниту еден единствен долар кој што влегол по овие основи во РМ. Освен, ако ги тргнеме на страна она што доаѓа како некаква хуманитарна, или некаква солидарна помош заради тешките прилики итн. а и тоа повеќе се говори отколку што реално се реализира.

Втората причина е тоа што Македонија сеуште не е членка на ниту една меѓународна финансиска институција. Тоа само по себе ги одвраќа инвеститорите бидејќи тоа е факт кој говори дека Македонија нема нормална финансиска комуникација со светот. Гаранциите за инвестираните средства во РМ се многу мали. И токму од тие причини Македонија е високо ризична држава за било какви финансиски аранжмани.

Трета работа можеби е од чиста политичка причина, меѓутоа, опасноста од војната дека ќе се случи во Македонија е евидентна. Прашање е тоа. Ние не можеме овде во овој Парламент во повеќе наврати досега да се спориме постои ли опасност Македонија да западне во војна или не. Меѓутоа, по оценка на меѓународни аналитичари и воени, економски и финансиски е дека таква опасност постои и никој не е спремен да инвестира во една држава во која што веќе утре може да се случи војна и апсолутно не се знае кој е исходот итн. Ова го говорам чисто за да имаме реално сознание во каква состојба се наоѓаме бидејќи вчера некои дискусии се водеа во тој правец како да се тепаат банки, држави, влади, поединци да инвестираат во Македонија, а ние сме во ситуација да бираме од овој сакаме пари, од овој не сакаме пари, па дури и ако неземеме од никого кредит нема проблеми, можеме ние и сами.

(Реагирање на пратениците од десната страна)

Јас се извинувам, сите кога говоревте ве слушав без никакви дофрлувања.

Како доказ за тоа каде се наоѓаме ние на таа листа на ризик или на ризичност за инвестирање, може да послужи цената на нашиот долг во странство. Ние неодамна достигнавме најминимална цена на нашиот долг, 15%. Или со други зборови, со 15 центи се откупуваше еден $ наш долг. Ако дадете 150 милиони $ милијарда долари долг можете да откупите. Некои можеби ќе рече сега за евтини пари можеме да си го откупиме долгот, меѓутоа, тоа говори каква е оценката за ризикот за инвестирање, за економско комуницирање, финансиско комуницирање со РМ. Што е полошо во ситуацијата цената на долгот паѓа. И тука веројатно од бившите Ју-републики имав прилика да ги гледам тие скалила единствено Србија стои полошо од нас заради целата таа

ситуација, за Босна не говориме, таа е веќе сосема на една страна, меѓутоа, од бившите Ју-републики ние сме многу високо ризична држава за такви работи.

Еве уште еден пример да ви дадам. Единствената банка до која ние и стопанските субјекти од РМ во овој период, последниот период од година, година и пол имаа можност за пристап и финансиско комуницирање беше Агло - југословенската банка од Лондон каде ние имавме некакво учество од претходната состојба, преку која се отвораат акредитиви, акредитивите на пример за купување на нафта, меѓутоа под какви неповолни услови. 50% од износот мора однапред да се авансира да се депонира, а другите 50% се даваат со 3 месеци со камата ливар плус 2% и затезна камата многу висока, огромна. Овие податоци ги изнесувам за да имаме претстава дека е многу тешко, ние за да оцениме дали е некој спремен да инвестира, да кредитира во РМ ќе треба малку да размислуваме на тој начин како што тие размислуваат, а не така како што светот ни изгледа тука од Македонија, или тука од овој Парламент. Имаше дискусии овде кој што наликуваа на она што старите кај нас викаат "со сила на човек можеш да му земеш, ама со сила да му дадеш многу тешко".

Сега поконкретно околу условите на самиот кредит. Како и самите видовте кредитот се дава на 1 година што може да се каже, се разбира многу е подобро кога би бил подолгорочен, меѓутоа, впрочем и мотивот кој што во своето обраќање не во политичкото писмо туку во конверзијата, комуникацијата која што постоеше за да се склучи овој аранжман, г-динот Сорож го наведуваше па и при посетата овде беше желбата да се помогне додека ние не бидеме меѓународно признати, пошироко меѓународно признати,  да влеземе во тие финансиски

институции, за да можеме да влечеме финансиски средства како секоја друга меѓународно призната држава го прави тоа. А за овој период да се премавне, со оптимизам дека сигурно тој период ќе биде и пократок од година дена, тој влезе во еден таков аранжман да ги даде овие средства. Инаку, една работа како да се одминуваше во сите дискусии и покрај тоа што образложението на законот е многу јасно и децидно. Кредитот е риволвинг кредит, што значи и оние средства што се отплатени во текот на исплатата може повторни ода се повлекуваат, тие средства пак остануваат тука до износот од 25 милиони долари. Тоа значи дека некои од ратите што ќе ги платиме потоа можеме повторно да ги побараме, да конкурираме повторно да ги инвестираме некаде. Тоа е една огромна поволност, која што мораме да ја имаме во предвид кога говориме за оваа работа.

Околу каматите овде се говореше, вчера беа искажани незнам кога говориме ние за надворешна политика сите имаме дипломатско искуство, кога говориме за кредити, сите сме стручњаци за финансии итн. Беа искажани дискусии, дека овде е зеленашки, лихварски кредит, дека е ова многу над каматите кој што се даваат итн. Јас сега само ќе ве презентирам неколку податоци за да имате реална состојба. Јас прифаќам дека е можеби тоа наша грешка што веднаш на почетокот на оваа расправа не ви ги презентиравме информациите, меѓутоа, можеа да бидат поставени во вид на прашања, не во вид на тврдења како да се се знае.

При ангажирање на странски кредити вообичаена основа за утврдување на каматата е ливорајт, односно стапката што секојдневно се формира на Лондонскиот меѓубанкарски состанок, зголемена за 2 до 3%

поени во зависност од условите што ги дава заемодавецот. Јас можам да ви кажам дека ние ги погледнавме сите кредити кои што во минатиот период, или најголемиот дел до кредитите податоци за кои што можевме да ги собереме, ги има користено СФРЈ, бидејќи ова ни е прв кредит со кој што ова Собрание се соочува, камо среќа да ги има повеќе и за вакви работи да говориме освен некои ако мисли дека апсолутно не ни треба никаква финансиска поддршка од надвор. Никогаш со ваква ниска камата ни еден кредит не е дојден на територијата на поранешна СФРЈ. Најниската забележана камата е либор плус 2% поена и тоа во исклучителни услови. Во овој момент таа ливор камата, или либорајт стапката изнесува 3,625% поени и тоа го имате во образложението на законот. Во условите на овој закон се дава само за еден процентен поен повеќе од либерт стапката. Гледано хронолошки наназад со години најповолни времиња стапката на либор изнесувала 1,7, а најчесто помеѓу 2 и 3%. Исто така треба да се истакне дека на светскито пазар на капитал стапката на интерес е променлива. На пример доларските кредити на учесниците на таканаречениот Париски клуб владини агенции за последното тромесечие од 1992 година се пласираат со камата од 7,815% поени, додека фиксните камати на доларски кредити изнесуваат 5,75%. Споредете ги овие бројки со онаа каматна стапка што е предвидена во овој закон ќе видите дека ова е стварно, овој закон, или оваа понуда за давање на кредит, и покрај тоа што тој предвидува можности за враќање е даден со намера да се помогне во оваа ситуација.

Исто така ако погледнеме дека затезната камата, а тоа е онаа камата што би се активирала доколку ние не можеме благовремено да ги

исплаќаме ратите е либор плус 2%, што исто така е најниска затезна камата што во овој момент може било каде да се добие за држави кои што не се високо ризични како што е РМ во овој момент. Ова е битно затоа што имавме прилика да чуеме дискусии од типот дека е ова лихварски, зеленашки кредит итн. Дури од вчера проструи некоја вест помеѓу пратениците во Собранието дека всушност годишната камата е 19 кома нешто посто, ова е тромесечна камата итн. Тоа е или апсолутно незнаење или е направено со апсолутно лоша намера бидејќи овде се работи за годишни камати. Тао е јасно кажано ако внимателно се чита.

Уште една работа. Вчера во дискусијата на господинот Спирковски беше искажано околу тоа дали постојат можности девизните резерви да бидат гаранцијата за враќањето на овој кредит беше искажано тврдењето дека оваа Влада при својот избор затекнала девизни резерви од 4 0 милиони долари и во меѓувреме ги преполовила и дека апсолутно девизните резерви не се во состојба да ја дадат оваа гаранција. Можам да кажам дека тоа е апсолутна невистина, или со други зборови кажано лага.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас може да го разберам господинот Спирковски ако тоа го поставеше во вид на прашање дали е тоа точно или во вид на прашаше какви се девизните резерви. Меѓутоа, на 1 јануари о.г., тоа е последниот податок за девизните резерви на Република Македонија што изнесуваат 59.771 илјада долари. Што значи дека во меѓувреме оваа Влада не само што не ги преполови девизните резерви, туку во голем процент ги зголеми. Тоа е податок што може лесно да се провери. Се добива од Народна банка на Македонија. Така што, јас разбирам дека опозицијата однапред трга со претпоставката дека треба да негира се што ќе се предложи од страна на Владата и се да се критикува. Меѓутоа, тоа нека се прави со аргументи, со вистински факти. Барем за оние што се лесно проверливи. Така што ќе мора да бараат некоја друга работа околу критиките.

Овде беше поставено прашањето околу намената. Обично за намената на кредитот инсистира тој што го дава кредитот. Обично тој инсистира да види каде ќе одат средствата. Такви примери сме имале порано. Единствено средствата од ММФ и од Светската банка за обнова и развој се даваат во вид на финансиски аранжман. Инаку, другите банкарски кредити итн. однапред се бара точно да се види зошто се наменети. Единствениот услов што господинот Сорос или Сорош зависно како го изговараме го постави во овој случај беше средствата да не се трошат за воени цели, со оглед на целата ситуација во која се наоѓаме.

Кога тој ја посети Република Македонија во септември, тогаш беше екот на нафтената криза, што не можеме и сега да кажеме дека е надмината. Имаме нешто подобра состојба, меѓутоа не е надмината. Врз основа на тие импресии и впечатоци неговата понуда беше тој, овие средства да ги понуди за да можеме да дојдеме до нафта. При што

неговата понуда беше за целиот износ да се купува нафта. После разговорите со него дојдовме, на наш предлог, затоа што цениме дека е тоа подобро дојдовме до тоа дел од тоа да биде во нафта што веднаш би се реализирало, а дел да бидат во мобилни девизни средства што ние можеме да ги користиме онака како ќе налагаат потребите. Гледате во кое време живееме. Можеби утре ќе стане ургентно, лекови треба да се купат. Знаеме каква е ситуацијата во здравството на пример. Имаме ситуација, на пример, за комуникациските системи на Република Македонија со светот. Ако утре, не знам, во зависност како ќе одат санкциите спрема Србија, се реши светот да ја изолира Србија и Црна Гора и комуникациски, вие знаете дека цела бивша Југославија се потпираше на сателитската станица во Ивањица. Ние ќе останеме отсечени од светот.

За да се направи алтернатива, требаат средства.

Прашањето за тоа каде ќе се трошат средствата, ние главно обезбедивме тој да не не условува каде ќе се трошат средствата, што е добро. А, каде овде ќе се трошат, тоа е наш интерен проблем. Тоа треба ние да го решиме овде, Влада, позиција, опозиција, овој Парламент. Вие можете да кажете каде се трошат парите од Буџетот, на пример итн. и тоа е нормално и јас ги прифаќам сите оние дискусии што бараат отчет каде ќе се трошат тие средства. Тоа нема потреба Владата да го крие бидејќи нема операции што би се трошело да не треба да се знае во јавноста. Особено што се знае дека 25 милиони долари доаѓаат тука. Не може да ги крие никој.

Меѓутоа, со тоа не треба да го оптоваруваме односот меѓу нас и заемодавачот, бидејќи тој не го бара тоа. Ние добиваме поповолна ситуација.

Се постави прашањето зошто со закон? Јас сум еден од помладите, така што она што овде во оваа сала, така што господинот

Голубовски вика "акумулирано знаење од 50 години" кој има повеќе години, повеќе акумулирано знаење...

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (од место)

И талентот е важен.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

А талентот е природна работа. Тоа мајка природа го дала.

Меѓутоа, и покрај тоа што сум еден од помладите се сеќавам дека и порано сите кредити што ги зимаше поранешната СФРЈ мораа сите такви кредити за нив да се донесува закон во Сојузното собрание, а при тоа да даваат согласност републичките собранија. И, бидејќи е ова наш прв случај, веројатно сите по малку сме неискусни, меѓутоа ќе треба да се навикнеме веќе дека за девизни аранжмани итн. од овој тип Собранието ќе треба да донесува законски решенија.

Се поставува прашањето зошто девизните резерви да бидат гарант? Е, па, што има друго Република Македонија па да биде гарант? Бродовите ли во странство, амбасадите ли во странство, депонираните ли девизи во некои од меѓународните банки, што е тоа., авионите што се наоѓаат, што е тоа што имаме? Еве, на пример, Црна Гора имаше заложено бродови од својата флота. Што е тоа што надвор од овие рамки на Република Македонија, надвор од нејзините граници можеме ние како гаранција да го оставиме.

Тоа што се однесува околу финансиските услови на кредитот, дали е поволен или е неповолен, дали треба да се земе или не треба да се земе, мислам дека тоа е јасно.

Се поставува прашањето како ќе се врати? Во зависност од тоа за што ќе се употребат средствата. На пример, девизните резерви се гаранција за враќање на средствата со заемодавачот, кој сака да знае

ако дојде ваква и ваква ситуација од каде ќе ги врати средствата. Меѓутоа, ако некој мисли дека ние треба да земеме кредит и да го инвестираме во нешто што нема да врати пари, тогаш и оваа Влада е погрешна и позицијата е погрешна, меѓутоа и опозицијата е погрешна Кога се инвестираат средства, ако се дадат милион долари, се очекува да се добијат барем милион и еден долар. Тоа е задача што треба со овие средства, што се вели, умно да се работи и да се располага.

На пример, но добро, до сега од каде купувавме нафта? Се поставува прашањето до сега. Неколку души овде спомнаа зошто на Мак- петрол? Па господинот Сорож не знае кој е Макпетрол. Не дава на Мак- петрол, на рафинерија, на охридска трговија и не знам на кои таму. Тој дава на Владата, на државата. Нејзе сака да и помогне. Владата, државата нека оцени како ќе ги искористи тие средства во зависност од тоа што потреби има во тој момент. Ние можеме да ги ставиме на девизни резерви и да не ги пипнеме до крајот на годината и да ги вратиме.

Меѓутоа, мене ми се чини, се што внимателно слушав во овие два дена не најдов аргументи од овој тип, од аспект на поволноста или неповолноста кои што говорат во прилог на тоа да не се при фати, особено што општа определба беше, сите партии тоа го тврдат - ќе обезбедиме финансиска поддршка, ќе бараме кредити, ќе бараме заеми итн., странски капитал да дојде, така што јас тука не гледам и утре вие мислите дека, оваа страна што се јави и вели дека е опозиција утре може ќе стане позиција и таа ќе се потпира на странски средства и таа, камо среќа што може повеќе да се обезбеди, меѓутоа мојот личен впечаток е дека всушност, во целата оваа работа не беа тие главната пречка.

Главната пречка беше нешто што се провлекуваше низ секоја втора дискусија, а тоа е оној, политичкиот аспект на целата оваа работа

или повикувањето на она обраќање, пишано обраќање на господинот Сорож што беше доставено до Собранието, заради невозможноста, заради снегот, а не заради тоа што од Грција го вратиле. Се работи за друг човек, сенаторот од Белгија...

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

И тој зборува исто, овде едно, а таму друго.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Мислам дека е тоа нешто што оптовари дел на пратеници, на пратенички групи за еден ваков настап што се имаше.

Сега тука генерално ги поставувам прашањата:

Прво, дали господинот Сорос е пријател на Македонија или не е пријател? Ако гледаме од аспект, бидејќи едно е бизнис а друго е пријателство, до сега говоревме за финансиските услови и мислам дека сите аргументи говорат дека овој аранжман е поволен ако ние знаеме умно да ги користиме средствата. Но, тоа е наш проблем, не е проблем на Сорос или на нашата меѓусебна релација.

Се поставува прашањето дали е тој пријател на оваа држава или не е пријател. Во неколку изјави на господинот Сорос дадени во странски средства за информирање јасно и децидно вели дека Република Македонија треба да биде час поскоро признаена и тоа под името Република Македонија. Јас овде, бидејќи вие баравме многу работи да се умножат, баш го имам написот во "Гвардијан" каде тоа буквално се вели и може и тоа да се умножи па да се подели.

Кога беше овде, исто така при престојот, господинот Сорос немаше дилеми дека Република Македонија треба да биде призната под ова име, при што директно ја посочи Грција како проблем и пречка на тој пат за тоа да се реализира.

Е сега, ние се однесуваме како да имаме огромен список на пријатели низ светот, така што многу не ни е битно дали еден американски мултимилијардер кој спаѓа меѓу еден од најбогатите луѓе во светот мисли вака или онака за Република Македонија, туку ние ан блок го отфрламе неговиот став и мислење.

Вчера, овде, неколку дискусии говореа во правец на тоа, се спомнуваше дека Фондацијата на господинот Сорож од отворено општество, дека ги помага конзервативните сили, при што се алудираше на поранешните комунистички партии итн. или комунистичка партија итн. Видете, ако дојде време богатите капиталисти од Америка и мултимилијардери ги помагаат конзервативните сили, тоа е проблем на кој што треба вие да се замислите. И, ако е нивната оценка дека демократската опција во Македонија се потпира на тие партии, тоа е проблем со кој што вие треба да се позанимавате а не господинот Сорож зошто тој така мисли. Зошто на пример такви извештаи се спомнуваат во Стејт Департманот, во извештајот на ЌЕБС итн. И, мислам дека со целата оваа расправа опозицијата не добива туку губи. Ако дојде време Запад и американските милијардери да го помагаат кому- низмот во Македонија, јас се гордеам што сум на чело на една таква партија. Инаку, се сеќавам. на вашите предизборни пароли дека Запад само со вас сака да комуницира итн., што очигледно не е баш така. Меѓутоа тоа е партиска работа и вие треба внатре да си погледате кои ви се определбите.

Со други зборови јас би порачал или би замолил да го раздвоиме она што значи дискусија или расправа за еден финансиски аранжман, бидејќи е сосема јасно, таков закон имаме. Немаме закон од политичка сфера. Тоа што господинот кој го дава заемот има свое лично мислење за одредени ситуации во Републикава, немојте да очекувате, па ние овде не сме за се согласни а сакаме некој американец да биде согласен со се

што се случува овде. И, дали тоа значи дека во иднина ние економска и финансиска соработка ќе прифаќаме само со оние кои буквално се согласуваат со се што се случува во Република Македонија? Се плашам да не останеме тогаш едно изолирано острово бидејќи ние не можеме таков широк консензус за секое прашање да најдеме, па сега зошто господинот за ова прашање така рекол, зошто вака рекол.

Се постави прашањето и за тоа зошто се инсистира од страна на Владата, затоа што во Република Македонија од сите сегменти, а особено од овој сегмент факторот време станува се позначаен. Секој ден доцнење за се чини многу. Ако веќе можеме да обезбедиме финансиски средства, подобро да дојдат денеска отколку утре. Буквално денеска отколку утре, не фигуративно. Затоа инсистиравме да оди по итна постапка. Мислам дека, на крајот на краиштата Собранието се изјасни за таа работа.

Јас со тоа ќе завршам, со сиот ризик дека некои не се согласија со оваа дискусија и дека можеби ќе има реакции. Меѓутоа, уште еднаш апелирам ова е чиста работа, би апелирал без разлика на пратениците, без разлика на која парламентарна група и партија припаѓаат, да го поддржат ова бидејќи е во интерес на државата. На крајот на краиштата, ако некој, во овој момент кога сме во процес на меѓународно признавање вели дека Владата е демократска во Република Македонија, без разлика дали некој припаѓа на опозицијата треба да го поздрави бидејќи оди во прилог на меѓународното признавање. За так- ви работи треба малку да заборавиме на таа наша партиска припадност и за секоја работа да се расправаме меѓу себе, да мислиме дали губиме или добиваме. Камо среќа целиот свет да оцени дека институциите на системот, системот во Република Македонија е демократски и дека треба да се поддржат. Тоа господинот Сорос овде отворено го кажа.

(Пратениците од пратеничката група ВМРО—ДПМНЕ бурно реагираат барајќи да им се достават на увид материјалите).

Инаку, овде, една работа не ми е јасна, како сакате 120 оригинални писма да има. Нормално дека кога нешто треба да се умножи за да се подели на 100 или 200 луѓе ќе биде фотокопирано. Меѓутоа, мислам дека нема никакви пречки писмото, оригиналното писмо што е доставено, јас не знам како сега, пак не можеме, тоа треба да шета од рака на рака или една комисија да формираме или еве, јас предлагам координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да го погледне. Нема никакви пречки за таа работа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници кај мене нема дилема за неприфатливоста на овој закон за задолжување на Република Македонија во странство ниту пак има дилеми за образложението што е наведено.

Целите се јасни со законот и со решенијата што се нудат за задолжуваше на Република Македонија со 25 милиони долари. Ништо не може да се постигне ниту пак може да се оствари она за што се наменети овие средства, а јас мислам уште помалку може да се реши со тоа проблемот на недостиг на нафта. Ниту пак мислам дека можат да се постигнат другите цели и намени што се наведува дека овој кредит ќе се користи според условите што се поставени овде од страна на господин Сорос.

Зошто така мислам? Затоа што:

Прво, нам ни се нуди кредит што треба да се користи со неповолна каматна стапка односно со неповолни услови. Дури, тие се по неповолни од кредитите што може да се користат на слободниот пазар на пари на Лондонската меѓубанкарска берза и на меѓународниот пазар на капитал.

Второ, овој кредит е краткорочен кредит, а не долгорочен што го одобруваат државни институции на развиени земји со цврсти гаранции.

Трето, кредитот ако се користи за сурова нафта, тоа сакав да го потенцирам, според мене претставува уште поголем ризик затоа што нафтата, како што знаеме, се спречува нејзиното доставување и увоз поради нафтената блокада и поради ембаргото што постои.

Четврто, ако гаранција се девизните резерви на Народната банка, тогаш тоа е најризичната гаранција, според мене, затоа што до сега ние немавме можност да разговараме и да зборуваме, да расправаме овде во Парламентот колку се тие резерви, колку беа и колку се сега, за што се користеа и како треба да ги користиме. Ние за тоа треба да зборуваме.

Понатаму, не треба да го заборавяме политичкиот момент односно политичките димензии на овој кредит за што овде доста се зборуваше. Но, сепак сметам дека е корисно уште еднаш да кажеме за какво мултиетничко и отворено општество овде се зборува.

**ДРАГИ АРСОВ** (Продолжение)

Какво е тоа отворено општество велам затоа што и самиот господин Сорос зборува дека Република Македонија е s блокирана. Исто така кажува дека таа блокада од страна на Грција е неможно да се деблокира и покрај напорите на Европската заедница и САД. Тогаш дали ние имаме отворено и дали можеме да зборуваме за отворено општество или е затворено општество што практично и сме затворено општество.

Каква е таа визија на господин Сорос за некаква демократска влада во Република Македонија поставена како коалиција од умерени Македонци и Албанци кога сите знаеме како таа Влада дојде на власт, со непочитување на изборните резултати, со еден збор неуставно и со непочитување на законските одредби за кои што зборувавме овде при изборот на таа Влада.

Каква е визијата на господин Сорос за Македонија кога не се остава простор ние самите да расчистиме за името Македонија дали е географски поим или е име на етнос од словенско, или словенско или од старо македонско потекло итн.

Тезите што ги нуди многу не се разликуваат од поранешните пројугословенски тези дека малцинствата во соседните земји се дел од југословенските народи, нагласувам југословенски народи, тогаш беа, и секое спомнување дека таму живее дел од македонскиот народ следеа етикети на непријателски заговор, на уривање на Југославија односно дека се заговара некаква голема Македонија, дека е тоа уривање на југословенската заедница и се разбира за тоа следуваа санкции, репресии итн.

Сега господин Сорос истото го повторува. Понатаму дали треба да се остварува она што сакаме да го оствариме» тоа е својот идентитет, се разбира преку фактите на историјата, картите, знамето, симболите

како што се сонцето, лавот, придобивките на идентитетот на државноста на Македонија, тоа што ние веќе се бориме да го оствариме, а некој со таквите придобивки, со таквите наши напори сакаат да манипулираат. Со еден збор се она што го бара неокомунистичката номенклатура сега ни се нуди од надвор. Имено, се нуди според господин Сорос некој модел на правна држава односно модел на отворено општество кое треба да го платиме 125 милиони долари. Таквото отворено општество, според разните теории за отворени општества вклучувајќи ја тука и филозофијата на Карл Попер и некои теоретичари на лондонската школа за економија ништо не е друго туку различно име за исти модел каков што беше новиот социјализам, или социјализам по мерка на човекот, социјализам со човечки лик итн. Што се заедно претставува еден експериментален модел чиј последици ние добро ги почувствувавме и знаеме до каква ситуација не доведе.

Јас, тие модели на отворени општества со таква диригирана економија, а тоа не е ништо, ни се наметнува општество со диригирана економија, со раководење од еден центар, од една ЦК, од една Влада каква што е оваа неокомунистичка како што сите знаеме, не е ништо друго туку според мене не е тоа отворено општество туку отворена катастрофа. Зошто отворена катастрофа или триумф на катастрофата, затоа што Владата не нуди излез од кризата, ниту излез без посебен пакет закони за преобразба на општествената сопственост без основните закони со кои ќе докажеме дека сме самостојна држава, дека сме свои на своето. Наместо тоа, и натаму имаме длабока криза, нафтена криза, опаѓање на општествениот производ на индустриското производство, намалени лични доходи, невработеност, хиперинфлација, се е видено и познато како во старите добри комунистички времиња, дури и полошо.

Постои и меѓународна изолација^ меѓународно непризнавање, затворање на сите славини за меѓународни кредити од државите и меѓу. народните институции односно од државите од развиениот европски и светски систем. Никој не прифаќа недемократско општество, такво општество какво што е нашето кое што не нуди никакви услови за преобразба на општествените односи поточно на демократските односи. Ве молам, да престанеме да го лажеме народот за причините заради кои нема нафта. Нема нафта заради тоа што Република Македонија е во меѓународна изолација не само од изолација на соседна Грција туку од изолација од земјите на Европската заедница и до земјите на Запад. Нема нафта затоа што сме во зоната на ембаргото на прометот на нафтата и на другите мерки што се предвидени според резолуцијата на Обединетите нации 757.

И на крајот зошто е нереално користен>ето на кредитот како што го дава и како што го нуди господин Сорос. Затоа што не ги почитуваме мерките на Европската заедница или на Обединетите нации оние мерки и услови кои што постојано кажуваа и инсистираа да ги прифатиме како основни мерки кои што ќе овозможат демократизација на нашиот систем и на нашето општество. Нека биде неточно дека Република Македонија не ги крши санкциите односно нафтеното ембарго иако сите знаеме дека не се почитуваат. Ако е така, зошто Владата на Република Македонија досега не ги донесе посебните наредби што беше таа условена да ги донесе со Резолуцијата на Обединетите нации 757 за спроведување на таа резолуција, велам, затоа што од неа произлегуваат обврски со посебна наредба да се спроведе забраната на прометот на недвижностите, потоа на патничкиот промет, понатаму на воздушниот промет, понатаму да се применат тие санкции во однос на сферата на просветата, културата, спортот, странските вложувања, трговијата, туризмот, науката итн. Тоа се непобитни факти затоа што Владата тоа не го направи. Зошто? Затоа што Република Македонија не е спремна да се

оттргне од она што претставува папочна врвца со сферниот сосед не е спреман да го заокружи својот сопствен државно- правен процес и конечно да стане самостојна држава, независна од никој. Нема спас со такви кредити туку треба да бидеме реални и да речеме дека Македонија не може да користи стоковни кредити за увоз и не е кредитно способна. Тука премиерот го спомна Парискиот клуб, меѓутоа тој не кажа во тој контекст дека од тој париски клуб колку доспеваат од тие влади на Парискиот клуб доспеваат кредитите на доверителите што ги имаме за 199 2 година, а тие знаеме колку се високи.

Ниту кажа дека од странските комерцијални банки од кои што баравме да се одложи плаќањето на каматите, колку се тие камати и колку ќе изнесуваат. За тоа ние немаме одговор, а за тоа требаше господинот премиер Бранко Црвенковски нешто повеќе да каже. Нема одговор затоа што ние немаме стоковни кредити за увоз на репроматеријал и опрема. Не се прават билатерални договори со кои ќе се обезбеди поддршка на таканаречените државни институции кои одобруваат гаранција за извозни зделки од развиените земји како што се Хермес, Фофеист, Сеист, Контрол - банки и другите институции на кои што овде на министерот за финансии и на банкарите добро им се познати. Не се прави она што треба да се направи, подготовки што ќе значат гаранција за зачленување во ММФ и Меѓународната банка за обнова и развој и другите финансиски меѓународни институции и организации. Ништо не се прави за добивање на бесповратен кредит од Европската заедница и развиените европски и други земји. Ништо не се кажува на светската јавност за објективните состојби во кои се наоѓа Република Македонија и кој ги создава тие состојби. Не се кажува дека се запрени сите процеси на демократизацијата, а тоа е причината зошто Македонија е изолирана и зашто не може да ги користи овие привилегии што ги користат другите земји што се членки на Европската заедница и на Обединетите нации. Сите знаеме кои се тие сили што сето тоа го

кочат и го запираат. Тоа се ониe сили кои не се подготвени да извршат трансформација на општествената сопственост, ониe сили што ги минираат сите мостови кон пазарното стопанство, кои што ја создаваат недовербата за вложување на странски капитал. Додека не се создаде такво општество ние не можеме да зборуваме за некакви други модели како што е отвореното општество.

И на крајот дозволете ми, овој кредит што го нуди господин Сорос за мене ништо не претставува туку уште еден обид она што веќе кај нас е познато затоа што таквите кредити ќе завршат како и кредитите што се користеа за ФЕНИ, едни да ги користат, едни се задолжуваат, а ги плаќа целиот македонски народ. Затоа, не можам да гласам за овој закон, за едни вакви решенија што тој ги нуди.

(Некои од пратениците бараат пауза).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има четворица пријавени за дискусија.

Треба да испланираме, можеме ли денес да работиме по- натаму. Колку има уште? Без пауза работиме 3 часа. Без пауза не може понатаму.

(Пратениците прашуваат уште колку има за дискусија).

Има многу, има веќе четворица, а се претпоставува дека ќе се јават уште.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Вака како што сме почнале ние, бесконечно секој може да се јавува по трет и четврт пат, тоа значи отворена опструкција. Дајте да утврдиме

VIII/6.-

критериуми колку пати секој пратеник може да се јави. Инаку, ова е опструкција и немојте да губите време да губите време. Ако некој не сака, нека гласа против.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, по кој знае кој пат на дневен ред е една точка која предизвикува бурни реакции, без разлика дали станува збор за опозиција, или позиција во овој Парламент. Мене апсолутно она што се однесува во смисла на Законот ниту ме плаши, ниту пак имам некоја грижа дека би нешто покатастрофално може да се случи, но од она што е како пропратен елемент со донесувањето на овој закон по итна постапка и оние заложби и донекаде охрабрувачки сили во Република Македонија што и овде на оваа говорница гласно гласно ја изговара тезата за Македонија како мултикултурна заедница, мултикултурно отсуство, навистина ме загрижува како човек и како македонец, затоа што мултикултурните заедници во свето (реакција на некои од пратениците во Парламентот), кој се лути како досега можеше слободно да си излезе, а јас можам и во празна с^га да си зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но, добро, да зборуваме за Законот, ве молам, тоа е на

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Па, јас зборувам, за Законот, се е во созначание на Законот и сите што дискутираа и заклучно со премиерот на Владата дискутираше по тие политички теми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам.

VIII/7.-

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Нема што да ме молите, јас имам свое право и овде дискутирам. .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие добивте збор да зборувате за законот, ве молам, повелете.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Значи, ако некој се луги може да излезе од оваа сала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не да се лути, туку вие ќе излезете од говорницата ако не зборувате за Законот. Ете тоа. Е, тоа е. Да знаете. (реакција на пратениците). Вие добивте збор за зборувате за законот и повелете.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Прво,требаше премиерот да си оди од оваа говорница

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте вие со тоа. Видете. Вие треба да зборувате за Законот не давајте поука на другите.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

..... а јас исто така во истиот стил и во истиот,... ќе разговарам во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Пауза. Пауза. Научете се да работиме по Деловник, инаку нема смисла.

(Претседателот и пратениците почнаа да ја напуштаат салата, а паузата започна во 13,55 часот).